Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 25 февруари 2019 година

Скопје, февруари 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 февруари 2019 година**

Седницата започна во 20:45 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.
На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Асаф Адеми, министер за култура, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.
На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.
Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација како и Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.
На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата, Сухејл Фазлиу, министер за

локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции,

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

✓ Усвојување на Записникот од 120-та седница на Владата, одржана на 12 февруари 2019 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- *Состојби и напредок во процесот на европска интеграција*

- *Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1. - 30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година*

- *Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните*

- *Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции*

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) гости

1. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Статутот на Агенција за промоција и поддршка на туризмот

2. Информација за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари во државна сопственост на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука

3. Барање за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри еуродизел БС гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници - Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за продажба на движна ствар (меркантилна пченица)

5. Информација за потребата од донесување на одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП Македонијапат, со Предлог-одлука

6. Информација во врска со потребата од поднесување на апликација за техничка помош за подготовка на Проектот за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Косово

7. Информација во врска со потребата од поднесување на апликација за техничка помош за подготовка на Проектот за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Србија

8. Повеќегодишен контролен план за надзор во областа на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата

9. Годишен извештај за работа на Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации за 2018 година

10. Информација со предлог за донесување на одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2019 година, со Предлог-одлука

11. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите (за ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2, У.586/18)

12. Предлог-одлуки за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите У.бр.628/18 (КО Злокуќани)

13. Предлог-одлуки за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите У.бр.625/18 (КО Драчево)

14. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-697/18, КО Битола

15. Барање согласност за расходување на движни ствари кои се застарени и неупотреливи за понатамошна употреба, со Предлог-одлука

**б) економски систем и тековна економска политика**

16. Предлог-закон за урбанистичко планирање

17. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа

18. Информација за работењето на компензационите фондови од странска помош со прилог извештаи усвоени и информации разгледани на Комисијата за менаџмент со компензационите фондови одржана на 21.12.2018 година

19. Информација во врска со одржување на Собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 5.3.2019 година

20. Информација за продолжување на Договорот со Економската интересна група-Еуметнет

21. Информација со нацрт текст од „Националната стратегија за развој на туризмот на Република Северна Македонија за 2016-2021 година, со Акциски план за 2019-2021“

22. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „с.Ореовец“ Општина Прилеп, со Предлог-одлука

23. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - минерална вода на локалитетот „с.Варвара“ Општина Теарце, со Предлог-одлуки

24. Информација во врска со барањето за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавуш", Општина Валандово и Општина Струмица на Друштвото за експлоатација, преработка и производство „Сардич МЦ", ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

**в) политички систем**

25. Предлог-закон за електронско управување и електронски услуги

26. Предлог-закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги

27. Предлог-закон за Централен регистар на население

28. Информација со предлог Акциски план за 2019-2021 година за имплементација на Стратегијата за справување со пролиферација на оружје за масовно уништување и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни закани

29. Информација за програмата и приоритетите на Романското претседавање со Советот на ЕУ со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

30. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди

31. Информација за состојбата за ненамирени финансиски обврски на Националната установа Македонска опера и балет - Скопје

32. Информација за времено решавање на просторното сместување на Математичко-информатичка гимназија (во основање)

33. Информација за текот на реализацијата на активностите и сумарните статистички податоци за Е- обуката за родова еднаквост

34. Информација за подобрување на електронската размена на податоци во институциите и развивање на дополнителни веб-сервиси

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

**б) политички систем**

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

35. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил - Скопје

36. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Специјален завод - Демир Капија

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Скопје - Скопје

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

38. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, поднесен од група пратеници

39. Предлог-закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, поднесен од група пратеници

40. Предлог-закон за изменување на Законот за Оперативно-техничка агенција, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

41. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

42. Барање за давање на автентично толкување на член 5 и член 6 став 3 од Законот за државното правобранителство, поднесено од пратеникот Реџеп Мемеди

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

43. Статут на МИТ Универзитет-Скопје

44. Иницијатива поднесена од Јасмина Георгиевска од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.19/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 3 од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица

45. Иницијатива поднесена од Дарко Миовски од Гостивар, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.23/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 216 став 2 и став 3 од Законот за јавните набавки

46. Иницијатива поднесена од Ѓорѓи Ципушев од Радовиш, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.21/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 12 став 2 од Законот за стечај и член 6 став 3 од Законот за судските такси.

47. Иницијатива поднесена од Ѓорѓи Ципушев од Радовиш, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.20/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 246 став 2 од Законот за социјалната заштита

48. Иницијатива поднесена од Коле Илијев од Виница, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.4/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2014)

49. Иницијатива поднесена од Љубица Панова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.22/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за комплементарна и алтернативна медицина („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/2015)

50. Иницијатива поднесена од Борко Симоски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.27/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за утврдување на должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши во трупни услови, донесена од Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/2009).

51. Иницијатива поднесена од Магдалена Петковска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.14/2019 за оценување на уставноста на член 17 во делот: „а ќе започне да се применува од 1 јуни 2014 година“ од Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“

бр.148/2013), Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/2014), Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.177/2014), Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2015), Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2016) и Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/2016).

52. Иницијатива поднесена од Зорица Черкезова од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.12/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 43 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015, 11/2018, 83/2018 и 120/2018)

53. Иницијатива поднесена од Влатко Илиевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.35/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 11 став 1 точка ѓ и член 11 став 2 точка ѓ, од Законот за спречување на корупција („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2019)

54. Иницијатива поднесена од Ивана Митевска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.33/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2019) во целина и одделно на: називот на Законот „Закон за употреба на јазиците“, член 1 ставови 2 и 3, член 2 ставови 1, 2 и 3, член 3 до член 14, член 16 став 1, член 17, член 22, член 23 став 5 и член 24 од Законот.

55. Иницијатива поднесена од Васко Лазески и други граѓани од Кичево, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.30/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2019)

56. Иницијатива поднесена од Ивица Ефремов од Велес и Стив Ангеловски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.15/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2019)

57. Иницијатива поднесена од Јове Кекеновски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.29/2019 за поведување на постапка за оценување

на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019)

58. Иницијатива поднесена од Здружението „Светски македонски конгрес“ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.25/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Указот за прогласување на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019) и Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019)

59. Иницијатива поднесена од адвокат Томе Тодоровски од Свети Николе, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.34/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Указот за прогласување на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019) и Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019)

60. Иницијатива поднесена од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.32/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2019)

61. Иницијатива поднесена од Солза Грчева и други од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.41/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Указот за прогласување на Законот за употреба на јазиците и Законот за употреба на јазиците во целина („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019

62. Иницијатива поднесена од Клементина Брзановска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.36/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2019) во целина и одделно на: називот на Законот „Закон за употреба на јазиците“, член 1 ставови 2 и 3, член 2 ставови 1, 2 и 3, член 3 до член 14, член 16 став 1, член 17, член 22, член 23 став 5 и член 24 од Законот.

63. Иницијатива поднесена од Владимир Стефановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.37/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019) во целина и одделно на член 2 став 2, член 9 ставови 1, 2 и 5, член 10, член 22 и член 23 став 5 од Законот.

64. Иницијатива поднесена од Светскиот македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.13/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за прогласување на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI („Службен весник на Република Македонија" бр.6/2019)

65. Иницијатива поднесена од Петар Робески и други граѓани од Кичево, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.31/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за прогласување на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI („Службен весник на Република Македонија" бр.6/2019)

66. Иницијатива поднесена од Солза Грчева и други граѓани од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.38/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за прогласување на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI („Службен весник на Република Македонија" бр.6/2019)

67. Иницијатива поднесена од Светскиот македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.8/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817(1993) и 845(1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните

68. Иницијатива поднесена од Ивица Ефремов од Велес и Ангеловски Стив од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.16/2019 за поведување постапка за оценување на уставноста на Указот за прогласување на Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резулуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните бр.08-3866/1 од 05.07.2018 година и Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резулуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот на безбедност на Обединетите нации за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2019)

69. Иницијатива поднесена од Светскиот македонски конгрес доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.26/2019 за поведување постапка за оценување на уставноста на Указот за прогласување на Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резулуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации за престанување на важноста на

Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните бр.08-3866/1 од 05.07.2018 година и Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резулуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот на безбедност на Обединетите нации за престанување на важноста на Привремената спогодба од1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2019)

70. Иницијатива поднесена од Светскиот македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.6/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија" бр.233/2018)

71. Иницијатива поднесена од адвокат Сузана Јошевска - Анастасовска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.1/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија" бр.233/2018)

72. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.59/2018 од 30 јануари 2019 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 244 ставови 3 и 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.169/2015, 226/2015, 55/2016, 11/2018 и 83/2018)

73. Понуда од нотар Даниел Живачки од Куманово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 79820 за КО Куманово на КП бр. 15968

74. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје, за право на првенство на купување на недвижен имот на КП 3392, ул.Л.Геров, со вкупна површина од 524 м2 Имотен лист 3700 КО Ѓорче Петров 5-Лепенец

75. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.36989 за КО Ѓорче Петров 3-Дексион на КП бр.10152 викано место/улица Одбранбен насип

76. Понуда од нотар Тана Топалоска од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.80244 за КО Охрид 4 на КП бр.3165 место викано Дебело Поле

77. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.95142 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП бр.3948

78. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94660 за КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев на КП бр.3488

79. Понуда од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.103005 за КО Ѓорче Петров 4-Влае на КП бр.7211 викано место Корушка

80. Понуда од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1860 за КО Ѓорче Петров 4-Влае на КП бр.7212 викано место В.Дину

81. Понуда од нотар Анита Адамческа од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5028 за КО Илинден вон градежен на КП бр.189 викано место Карагач, Имотен лист бр.5029 за КО Илинден вон градежен на КП бр.1352 викано место Крувче, Имотен лист бр.5013 за КО Илинден вон градежен на КП бр.171 викано место Птицовидна станица, Имотен лист бр.10355 за КО Илинден вон градежен на КП бр.189 викано место Карагач и Имотен лист бр.10356 за КО Илинден вон градежен реон на КП бр.1352 викано место Крувче

82. Известување од извршител Јадранка Јовановска под И бр.445/17 за налог за извршување врз недвижност (врз основа на чл.166 од Законот за извршување) и Заклучок за втора јавна продажба (на недвижност запишана во Имотен лист бр.695 за КО Гиновци) која ќе се одржи на 20.2.2019 година

**д) други предлози**

83. Кадровски прашања

84. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

85. Годишен извештај за работа на Цивилно - воен комитет за воздухопловство за 2018 година

86. Тримесечен извештај за работењето на Македонски железници - Транспорт А.Д. - Скопје за периодот 1.7. - 30.9.2018 година

87. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие „Агро-берза“- Скопје за периодот октомври-декември 2018 година

88. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД „Македонска пошта“ - Скопје за периодот VII-IX 2018 година

89. Годишен извештај за реализација на програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на мали и средни претпријатија во 2018-та година

90. Информација за реализирани активности во 2018 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2017-2018 година

91. Извештај со финансиски показатели за реализирани буџетски средства предвидени со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2018 година во Република Македонија.

92. Информација во врска со Главните индикатори за успешност на работењето (KPI) за 2018 година за аеродромите во Скопје и Охрид

93. Информација за изградба на пругата Бељаковце-Крива Паланка, за период од 1.6.2018 година до 31.12.2018 година

94. Информација за работата на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Роми и интеграција на Ромите 2020 година (за периодот август - декември 2018)

95. Акциски план за имплементација на Препораките од Државниот завод за ревизија согласно Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година во Министерството за култура

96. Информација за преземените активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Роми во Република Македонија 2014-2020, односно националните акциски планови за периодот октомври - декември 2018 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

97. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност

98. Информација во врска со потпишување на билатерална Спогодба меѓу Република Северна Македонија и Република Грција за отворање на еден граничен премин во регионот на Преспанското Езеро, со Предлог-текст на Спогодбата на македонски и на англиски јазик

99. Информација во врска со потребата од потпишување Договор меѓу Министерството за култура на Република Северна Македонија и Министерството за култура на Република Бугарија за организирање на заедничка изложба во Скопје во текот на 2019 година

100. Извештај за извршени преговори за усогласување на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција која се однесува на средните училишта со франкофонски двојазични паралелки, со усогласен текст на Спогодба

101. Информација за склучување спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција која се однесува на средните училишта со франкофонски двојазични паралелки

102. Информација за изготовка на проектна апликација за Студија за изводливост и останата документација за изградба и развој на Национална транспортна оптичка мрежа во рамки на повикот за техничка помош во рамки на ИПА инструментот „Инвестициска рамка за Западен Балкан" (Western Balkans Investment Framework - WBIF)

103. Информација за реализација на програмските активности на здруженија, организации и поединци од дијаспората, финансирани од страна на Владата на Република Северна Македонија

104. Предлог-закон за Агенцијата за национална безбедност

105. Предлог-закон за координација на безбедносно - разузнавачката заедница во Република Северна Македонија

106. Предлог-закон за изменување на Законот за следење на комуникациите

107. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за странци

108. Предлог-закон за изменување на Законот за внатрешни работи

109. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи

*

*         *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 120-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 12.2.2019 година

*

*         *

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи ги информираше членовите на Владата, за статусот на реализација на мерките содржани во Планот 18 (статус 8.2.2019 година), со констатација сите министерства да преземаат активности за исполнување на обврските кои произлегуваат од Планот.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Го разгледа и утврди Ажурираниот придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија за периодот ноември 2018 година - февруари 2019 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го достави Ажурираниот придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија за периодот ноември 2018 година - 1 март 2019 година на англиски јазик до Европската комисија најдоцна до 4 март 2019 година.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1. - 30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година**

Владата заклучи предлогот на Министерството за труд и социјална политика согласно доставениот допис за измена на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1. - 30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година, да не се прифати.

- **Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на**

**важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните**

Владата ги разгледа извештаите од третиот и четвртиот состанок на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и ги усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат, односно им се укажува и препорача на сите институции, најдоцна до 15 март 2019 година, да извршат промена во своите називи и да извршат промена на основачките акти, согласно амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Централниот регистар на Република Северна Македонија, во рок од 24 часа, да изврши промена на називите на институциите, без надоместок, согласно листата која е во прилог 1 на овој извадок.

Доколку во листата има институции кои не се опфатени, да го известат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат, односно им се укажува и препорачува на сите институции, кои немаат склучено договори за вршење општи и заеднички услуги за 2019 година со Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (Прилог 1: Листа на институции кои немаат склучено договори за вршење општи и заеднички услуги за 2019 година со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија), во рок од 10 дена на свој трошок да извршат промена на јавните табли на влезот од сите институции, во однос на името на државата, согласно амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Законот за употреба на јазиците.

Дизајнот на таблите треба да биде согласно Прилог 2. За видот на материјалот од кој ќе бидат изработени таблите и за димензиите на истите ќе одлучат самите институции.

4. Се задолжуваат, односно им се укажува и препорачува на сите институции, да извршат проверка дали е извршена промена на сите дигитални записи (логоа, меморандуми, електронски комуникации, веб-страница, медиуми итн) и да извршат проверка дали е извршена измена на меморандумите, печатените материјали, папките, индикаторите, согласно заклучоците број 4 и број 5 од Сто и дваесеттата седница на Владата на Република Македонија и во рок од седум дена до Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993)

на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, да достават збирен извештај дали е извршена бараната измена и до кој степен.

Истовремено, Владата заклучи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија при спроведувањето на јавната набавка за изработка на нови јавни табли да вклучи и изработка на позадини за прес-конференции и печати.

- **Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните инвестиции.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Статутот на Агенција за промоција и поддршка на туризмот, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари во државна сопственост на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука, го усвои и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во предложениот текст.

**<u>Точка 3</u>**

Владата по Барањето за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри еуродизел БС гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници - Транспорт АД - Скопје, го донесе најновиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници - Транспорт АД-Скопје, во предложениот текст.

Трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати од задолжителните резерви да бидат на товар на Македонски железници - Транспорт АД-Скопје.

## Точка 4

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движна ствар - меркантилна пченица, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП Македонијапат, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП Македонијапат, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од поднесување на апликација за техничка помош за подготовка на Проектот за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Косово и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се поддржува користење на грант средства од WBIF за подготовка на Проектот за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Косово и се укажува на АД МЕР, во соработка со Министерството за финансии, веднаш да поднесе барање до Европската банка за обнова и развој за водечка финансиска институција за поддршка на апликацијата.

2. Се укажува на АД МЕР по добивање на позитивен одговор од Европската банка за обнова и развој, да ја изработи ВБИФ апликацијата и да ја достави на мислење до Министерството за финанси и Министерството за економија, со цел Секретаријатот за европски прашања навремено да ја достави апликацијата до ВБИФ.

## Точка 7

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потребата од поднесување на апликација за техничка помош за подготовка на Проектот за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Србија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Владата подржува користење на грант средства од ВБИФ за подготовка на Проектот за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Македонија и Република Србија и му укажува на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности „Македонски енергетски ресурси“ - Скопје, во државна сопственост во соработка со Министерството за финансии веднаш да поднесе барање до Европската банка за обнова и развој за водечка финансиска институција за поддршка на апликацијата.

2. Се укажува на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности „Македонски енергетски ресурси“ - Скопје, во државна сопственост, по добивање на позитивен одговор од Европската банка за обнова и развој, да ја изработи ВБИФ апликацијата и да ја достави на мислење до Министерството за финанси и Министерството за економија, со цел Секретаријатот за европски прашања навремено да ја достави апликацијата до ВБИФ.

## Точка 8

Владата го донесе новиот текст на Повеќегодишниот контролен план за надзор во областа на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го разгледа и усвои Годишниот извештај за работа на Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации за 2018 година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ја има предвид препораката изнесена во мислењето на Секретаријатот за европски прашања, во насока за напредокот кој ќе биде постигнат во спроведувањето на Македонската рамка на квалификации да се извести Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања.

## Точка 10

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата со предлог за донесување одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2019 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 11

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.Бр.586/18), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 832 КО Злокуќани), во предложениот текст.

- Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 843/1 КО Злокуќани), во предложениот текст и

- Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 841 КО Злокуќани), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Државното правобранителство на Република Северна Македонија да подготви и до Владата да достави поединичени образложенија за трите одлуки.

**Точка 13**

Владата ги донесе најновите текстови на:

- Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (објекти кои се наоѓаат на улица Ратко Митровиќ 6А на КП.бр.8248 КО Драчево 1) и

- Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (објекти кои се наоѓаат на улица Ратко Митровиќ 6Б на КП.бр. 8412/1 КО Драчево 1), со заклучок Државното правобранителство на Република Северна Македонија текстовите на одлуките номо-технички да ги усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите (ДП.Бр.03-697/18 КО Битола), со заклучок претходно катастарските податоци во член 1 од оваа одлука да бидат потврдени со ново мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 15

Владата го разгледа Барањето согласност за расходување на движни ствари кои се застарени и неупотреливи за понатамошна употреба, со Предлог-одлука и по Барањето го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата го одложи од разгледување Предлог-законот за урбанистичко планирање за наредната седница на Владата поради дополнителни усогласувања на текстот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 17

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа и го утврди со заклучок предлагачот редакциски да го подобри текстот на истиот.

Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и м-р Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на компензационите фондови од странска помош со прилог извештаи усвоени и информации разгледани на Комисијата за менаџмент со компензационите фондови одржана на 21.12.2018 година, со дополнувањата кон неа и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави информација за ненаплативите побарувања од компензационите фондови со предлог за начинот на евидентирање на овие побарувања до 30.6.2019 година.

2. Доколку се утврдат незаконитости во работењето при распределбата на кредитите и преземените мерки за наплата на побарувањата од страна на надлежните институции, Министерството за финансии, во рок од 30 дена од приемот на информацијата од надлежните институции да ја информира Владата за истото.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 5.3.2019 година, со почеток во 14:00 часот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува лицето Исмаиљ Љума, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во ЕВН Македонија АД Скопје, да присуствува на Собранието на акционери, закажано за 5.3.2019 година, со почеток во 14:00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го извести ЕВН Македонија АД Скопје за издаденото полномошно.

3. Се овластува полномошникот да гласа „ЗА“ по сите точки од Процедуралниот дел и Работниот дел на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано 5.3.2019 година, со почеток во 14:00 часот.

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продолжување на Договорот со Економската интересна група-Еуметнет, со усогласен текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од седум дена, да го потпише Овластувањето на директорот на Управата за хидрометеоролошки работи за потпишување на Договорот за измена на Договорот од 17 септември 2009 година за формирање група со економски интерес Еуметнет (EUMETNET).

2. Се овластува директорот на Управата за хидрометеоролошки работи да го потпише Договорот за измена на договорот од 17 септември 2009 година за формирање група со економски интерес Еуметнет (EUMETNET).

3. Се задолжува Министерството земјоделство, шумарство и водостопанство-Управата за хидрометеоролошки работи да обезбеди средства за годишна членарина во ЕИГ Еуметнет во

расположивиот Буџет за 2019 година, а за наредните години 2020, 2021, 2022, 2023, 2024, 2025, 2026 и 2027 да се обезбедат средства од расположивите буџети за тие години во рамките на максималните износи на расходи.

Истовремено, Владата заклучи Министерството земјоделство, шумарство и водостопанство-Управа за хидрометеоролошки работи да постапи по мислењата на Секретаријатот за законодавство и Министерството за надворешни работи во кои се укажува во Договорот со Економската интересна група-Еуметнет предлагачот да го користи името „Република Северна Македонија".

**Точка 21**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата со Нацрт - текст од „Националната стратегија за развој на туризмот на Република Северна Македонија за 2016-2021 година, со Акциски план за 2019-2021 година" и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои „Националната стратегија за развој на туризмот на Република Северна Македонија за 2016-2021 година со Акциски план за 2019-2021 година".

2. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија и Државниот завод за статистика, во согласност со предвидените активности во Акцискиот план за периодот 2019-2021 година за спроведување на Националната стратегија за развој на туризмот 2016-2021 година, финансиските средства потребни за реализација на активностите да ги планираат во своите годишни буџети за тековните години согласно временската рамка.

3. Се задолжува Комитетот за туризам да ја следи имплементацијата на Акцискиот план за периодот 2019-2021 година од Националната стратегија за развој на туризмот и до Владата да доставува извештај за реализирани активности еднаш годишно, во првиот квартал од годината, за изминатата година.

Истовремено, согласно Мислењето на Министерството за финансии се задолжува Министерството за економија да го задржи моменталното законско решение со кое на општината се доделува 80% од наплатената такса за привремен престој, а по однос на туристичките развојни зони потребно е јасно да се наведе за што конкретно важи ослободувањето од ДДВ и персонален данок на доход и врз основа на кој пропис истото се остварува, без притоа да се намалува приходот на општината остварен врз основа на туристичка такса.
Исто така, се задолжува Министерството за економија да ја ажурира Националната - стратегија со најнови податоци.

**Точка 22**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „с.Ореовец“, Општина Прилеп, со Предлог-одлука.

**Точка 23**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина- минерална вода на локалитетот „с.Варвара“, Општина Теарце, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, на барање на предлагачот.

**Точка 24**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со барањето за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавуш“, Општина Валандово и Општина Струмица на Друштвото за експлоатација, преработка и производство Сардич МЦ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, за наредната седница на Владата.

**Точка 25**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за електронско управување и електронски услуги, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Јахи Јахија, државен сектретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Ана Малцева, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Јахи Јахија, државен сектретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Ана Малцева, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 27**

Владата го разгледа Предлог-законот за Централен регистар на население (најнов текст) и го утврди со следните заклучоци:

1. Во член 13, став 1, се брише точка 13 (Припадност на заедница).

2. Во член 17, став 1, точка 2, се брише потточка „Д“ (Припадност на заедница).

3. Пречистениот текст на Предлог-законот за Централен регистар на население, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Јахи Јахија, државен сектретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Ана Малцева, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог Акциски план за 2019-2021 година, за имплементација на Стратегијата за справување со пролиферација на оружје за масовно уништување и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни закани и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати најновиот текст на Акцискиот план за 2019-2021 година, за имплементација на Стратегијата за справување со пролиферација на оружје за масовно уништување и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни закани.

2. Се задолжува Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали, во координација со Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Управата за безбедност и контраразузнавање, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за финансии-Царинска управа, Министерството за здравство, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за

локална самоуправа, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, Дирекцијата за радијациона сигурност, Агенцијата за храна и ветеринарство, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и Националниот координативен центар за гранично управување еднаш годишно да ја информира Владата за активностите во врска со реализацијата на Акцискиот план.

3. Се задолжуваат надлежните институции за имплементација на предвидените активности во Акцискиот план за 2019-2021 година, за имплементација на Стратегијата за справување со пролиферација на оружје за масовно уништување и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни закани, истите да ги реализираат во рамките на одобрените буџетски средства на надлежните институции во соодветната фискална година.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во рок од 30 дена да го достави Акцискиот план за 2019-2021 година, за имплементација на Стратегијата за справување со пролиферација на оружје за масовно уништување и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни закани до Европската комисија и Центарот за извонредност за ХБРН.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за програмата и приоритетите на романското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, министерот за надворешни работи, министерот за одбрана, министерот за внатрешни работи, министерот за правда, министерот за економија, министерот за култура, министерот за транспорт и врски, министерот за труд и социјална политика, министерот за култура, министерот за здравство, министерот за финансии, министерот за животна средина и просторно планирање, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот без ресор, задолжен за дијаспората, доколку добијат покана за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија, да учествуваат и по одржувањето на состаноците, во рок од 15 дена, да ги известат Владата, Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ги координира подготовките за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија.

**Точка 30**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за државните награди, го утврди и заклучи, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Асаф Адеми, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за состојбата за ненамирени финансиски обврски на Националната установа Македонска опера и балет - Скопје го усвои и го задолжи Министерството за култура да иницира вонредна ревизија до Државниот завод за ревизија за финансиското работење на Националната установа Македонска опера и балет - Скопје за изминатите години.

**Точка 32**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за времено решавање на просторното сместување на Математичко-информатичка гимназија (во основање) за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за образование да ја разгледа можноста за просторно сместување на Математичко-информатичка гимназија (во основање) кај Технолошкиот парк во Скопје (во кругот на Машинскиот факултет).

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на реализацијата на активностите и сумарните статистички податоци за Е-обуката за родова еднаквост и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да изработи план за реализација на Е-обуката за родова еднаквост (основен и напреден модел) за период за март- јуни 2019 година и за истото да го извести Министерството за труд и социјална политика.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се препорачува на сите единици на локалната самоуправа да ги информираат сите вработени да ја завршат Е- обуката за родова еднаквост (основен и напреден модел) согласно планот за реализација на Министерството за информатичко општество и администрација и да го известат Министерството за труд и социјална политика најдоцна до 15 јули 2019 година за бројот на службеници кои ја комплетирале обуката за родова еднаквост.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до 15 октомври 2019 година, да ја информира Владата за статусот на реализација на Е-обуката за родова еднаквост (основен и напреден модел).

**<u>Точка 34</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за подобрување на електронската размена на податоци во институциите и развивање на дополнителни веб сервиси и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда преку Судскиот совет на Република Северна Македонија да достави распис до сите основни судови во државата за задолжително почитување на член 43 од Законот за семејство, заради редовно и ажурно доставување на податоците до Управата за водење на матичните книги и центрите за социјална работа, во рок од една недела.

2. Се задолжува Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги до Владата да достави информација со план за дигитализација на регистрите кој нема да трае подолго од три месеци, а ќе ги опфати регистрите по следниот редослед: родени, умрени, венчани, во рок од една недела.

3. Се задолжува Министерството за правда - Управа за извршување на санкции да достави допис до сите казнено - поправни установи за задолжително почитување на член 100 од Законот за извршување на санкциите за редовно и навремено доставување на податоците на лицата кои се на издржување на казна затвор до Министерството за труд и социјална политика - центрите за социјална работа, во рок од една недела.

4. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности да започне активности со кои ќе ги проверат сите матични броеви по модул 11 и да ги евидентираат сите податоци каде има невалидни матични броеви. Невалидни се и матичните броеви кои се по модул 11, а се во формат 2222222222222 или 0000000000000 и на месечно ниво за прогресот да ја информира Владата.

5. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности да ги спореди спорните податоци за матични броеви со базата на лица од Министерството за внатрешни работи и да ги ревидираат грешките и недостатоците и на месечно ниво за прогресот да ја информира Владата.

6. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности да креира методологија според која ќе ги детектираат спорните податоци за сопствениците и објектите и постепено да се прочистуваат податоците и на месечно ниво за прогресот да ја информира Владата.

7. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности при ново евидентирање или промена на објекти и обврзници да користат строго кодни листи (номенклатури) на потребните параметри, а не слободен текст и на месечно ниво за прогресот да ја информира Владата.

8. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности да развие дополнителни сервиси за размена на податоци за вредноста на купопродажните договори, наследството и подарокот на имот за одредено лице и на месечно ниво за прогресот да ја информира Владата.

9. Се задолжува Министерството за образование и наука на месечно ниво да ја информира Владата за прогресот во подготовката на техничката спецификација за дизајн и воспоставување на менаџмент - информациски систем за акредитираните високообразовни институции и следствено за статусот во развојот на овој систем.

10. Се задолжува Министерството за внатрешни работи на месечно ниво да ја информира Владата за прогресот во модернизација на своите ИТ - системи како предуслов за размена на веб-сервиси.

**Точка 35**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил" - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Специјален завод - Демир Капија, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Скопје - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, поднесен од пратеникот Илија Димовски и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10.000 избирачи, поради што предложениот Закон

за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит е поднесен од овластен предлагач.

Со доставениот материјал се предлага изменување и дополнување на условите за субвенционирање на станбен кредит кој физичкото лице го зема од деловните банки за купување на стан или изградба/купување на куќа за решавање на сопственото станбено прашање.

Во однос на предлогот субвенциониран станбен кредит да може да се користи и за проширување и реновирање на постојната куќа, се смета дека истиот е неприфатлив бидејќи основната цел на законот е да им се помогне на граѓаните кои не располагаат со куќа или стан и да им се помогне во решавање на станбеното прашање. Дополнително со Законот се овозможува продажба на помал стан, односно куќа или рушење на постојна куќа, за купување на нов поголем стан односно изградба или купување на нова поголема куќа, како и надградба и доградба на посебна станбена единица во рамки на постојна куќа. Истовремено, без утврдени критериуми и услови кои треба да се исполнат за добивање на субвенции за проширување, односно реновирање на постојна куќа, може да се случи субвенциите да се искористуваат во случаи каде истото не е оправдано.

Во однос на предлогот субвенциониран станбен кредит да може да добие лице кое не е во брачна состојба, а има месечен приход не поголем од три просечни месечни плати според последно достапниот податок на Државниот завод за статистика, односно износ поголем од четири просечни плати за брачни другари, се укажува дека сегашните прагови од 900 евра за физичко лице кое не е во брак и 1.300 евра за лице кое е во брачна заедница се утврдени во однос на максималниот износ на станбен кредит (50.000 евра) што подлежи на субвенционирање и деловната политика на комерцијалните банки. Имено, за станбен кредит од 50.000 евра со рок на отплата од 20 години (согласно критериумите од законот) месечниот ануитет изнесува околу 300 евра. Согласно критериумите од деловните банки месечниот ануитет што го плаќа кредитокорисникот не треба да надминува 30-50% од месечните приходи, оттаму и границата од 900 евра за лице кое не е во брачна заедница. За лица кои се во брак прагот е повисок со оглед на поголемите трошоци што ги има повеќечлено семејство. Предлогот станбен кредит да може да добие лице кое не е во брачна состојба, а има месечен приход не поголем од три просечни месечни плати според последно достапниот податок на Државниот завод за статистика, во моментов претпоставува лицата кои има приход од 73.644 денари или околу 1.200 евра да можат да користат субвенции со што се поставува прашањето од оправданоста лицата кои спаѓаат во групата на најдоходовни граѓани (околу 1%) да користат субвенции од државата. Дополнително, со оглед дека податоците за плати се објавуваат месечно од Државниот завод за ревизија, примената на ова решение само ќе го усложни спроведувањето на проектот, бидејќи податоците секој месец се различни. Ова ќе ја намали транспарентноста на условите на проектот бидејќи секој месец ќе се менува прагот на приходи за добивање на субвенциониран станбен кредит.

Владата на Република Северна Македонија на 117-та седница одржана на 29.1.2019 година усвои Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, по скратена постапка, кој е испратен во собраниска процедура. Предлог-законот утрден од Владата е во насока на значително подобрување на условите за добивање на станбен кредит преку намалување на каматните стапки за субвенциониран станбен кредит, се воведуваат нови поволности, нови модели за субвенционирање и се врши прецизирање и доуредување на условите за добивање на субвенции со цел подобро да се задоволат реалните потреби на што поголем број граѓани за обезбедување на сопствен дом. Кај моделот каде што се субвенционира ратата од кредит, во првите 3 години каматната стапка се намалува од 3,95% на 2,9% годишно, што е најниска камата што се нуди на пазарот. Во наредните 2 години, каматната стапка се намалува од 4,44% на 3,9%, додека во однос на моделот за субвенционирање на учеството од субвенционираниот кредит, каматната стапка се намалува и ќе изнесува најмногу до шестмесечен ЕУРИБОР + 4,0 п.п. на годишно ниво во текот на целото времетраење на отплата на кредитот. Истовремено, ќе се обезбедат дополнителни заштеди за државата бидејќи нема да се плаќа надомест на банките за намалените каматни стапки. Притоа, каматните стапки во овој момент се пониски од оние кои се предвидуваат со Предлог-законот поднесен од пратеникот Илија Димовски.

Со оглед на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, поднесен од пратеникот Илија Димовски.

## Точка 39

Владата не расправаше по Предлог-законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, поднесен од група пратеници.

## Точка 40

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за Оперативно - техничка агенција, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по материјалот и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Предлог-законот за изменување на Законот за оперативно - техничка агенција, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

## Точка 41

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по материјалот и му предлага на Собранието на Република Северна

Македонија да го донесе Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

## Точка 42

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 5 и член 6 став 3 од Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија" број 87/2007 и 104/2015), поднесено од пратеникот Реџеп Мемеди и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 175 и член 176 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.54/2013) барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата, Уставниот суд на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, јавниот обвинител на Република Северна Македонија, народниот правобранител, градоначалниците на општините и на градот Скопје и советите на општините и Советот на Град Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење. Барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието и содржи назив на законот, одредбите на кои се бара толкување и причините за тоа.

Во предметното Барање за давање на автентично толкување поднесено од страна на пратеникот Реџеп Мемеди се наведува дека при имплементирањето на одредбите на член 5 и член 6 став 3 од Законот за Државно правобранителство („Службен весник на Република Македонија" број 87/2007 и 104/2015), во пракса постои различно толкување на одредбите во делот на тоа дали арбитражни спорови или спорови кои се водат пред други странски органи, се спорови за кои е надлежно Државното правобранителство на Република Северна Македонија, имајќи го предвид членот 5 од Законот и дали државниот правобранител на Република Северна Македонија треба да издаде овластување на определеното од Владата на Република Северна Македонија друго лице да го замени во застапувањето во арбитражни спорови или спорови кои се водат пред други странски органи имајќи го предвид членот 6 став 3 од Законот.

Со Законот за Државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија" број 87/2007 и 104/2015) се уредуваат организацијата и надлежноста на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, условите и постапката за именување и разрешување на државниот правобранител на Република Северна Македонија и државните правобранители, нивните овластувања, права и должности, средствата за работа, пристапот до информации, соработката со органите на државната управа и други прашања од значење за неговата работа.

Со член 5 од цитираниот закон е определено дека „Државниот правобранител и државните правобранители ги штитат имотните права и интереси на Република Северна Македонија и на државните органи основани со закон пред судовите и другите органи во земјата и странство".

Од вака цитираната одредба недвосмислено произлегува дека државните правобранители ги штитат имотните права и интереси на Република Северна Македонија и државните органи основани со закон пред: 1) судовите и 2) другите органи, во земјата и странство.

Арбитражата претставува „решавање на споровите помеѓу две или повеќе странки од страна на трето лице (арбитер) кое своите овластувања ги изведува од спогодбата на странките и чија одлука за нив е задолжителна". Тоа значи дека арбитражите не се ниту судови ниту пак органи на Република Северна Македонија или на која било странска држава. Поради тоа, од цитираниот член 5 од Законот за Државното правобранителство произлегува дека државните правобранители не се надлежни да ги штитат имотните права и интереси на Република Северна Македонија и нејзините државни органи пред арбитража, затоа што арбитражите не се ниту судови, ниту пак, органи.

Во членот 6 став 3 од Законот за државното правобранителство е предвидено дека „државниот правобранител доколку согласно со прописите на странската држава, не може непосредно да застапува пред нејзините судови и органи, Владата на Република Северна Македонија, по предлог на државниот правобранител, ќе овласти друго лице кое според прописите на државата во определен предмет може да го замени во застапувањето".

Согласно цитираната законска одредба произлегува дека за да може да се овласти лице различно од државниот правобранител да ги застапува Република Северна Македонија и нејзините државни органи пред судови и органи на странска држава (но не пред арбитражи) неопходно е со прописите на странската држава да биде предвидено дека државниот правобранител на Република Северна Македонија не може да застапува непосредно пред судови и органите на таа странска држава. Во таков случај, Владата на Република Северна Македонија, на предлог на државниот правобранител, може да овласти друго лице да ја застапува пред судот или на друг орган на странската држава. Од оваа одредба јасно произлегува и дека:

1) таа се применува само во случаите кога Република Северна Македонија или нејзини органи се појавуваат како странка пред суд или пред орган на странска држава, а не и на ситуациите кога споровите се решаваат пред арбитража, што е на линија со цитираниот член 5 од Законот за државното правобранителство, кој не предвидува овластување на државното правобранителство за застапување на државата пред арбитража и

2) Владата на Република Северна Македонија е таа која го дава овластувањето за застапување на другото лице, а не државното правобранителство. Државното правобранителство има

овластување само да предложи да биде овластено друго лице, додека давањето на овластувањето за застапување на другото е во надлежност на Владата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати Барањето за давање на автентично толкување на член 5 и член 6 став 3 од Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија" број 87/2007 и 104/2015), поднесено од пратеникот Реџеп Мемеди, од причини што одредбите се јасни и нема потреба за нивно толкување.

**<u>Точка 43</u>**

Владата го разгледа Статутот на МИТ Универзитетот - Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), основен акт на високообразовната установа е Статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со Статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на Статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.

Согласно член 94 точка 1 од Законот, Универзитетскиот сенат, меѓу другото, донесува Статут на Универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав.

Со Статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на коишто Законот упатува да се регулираат со статут.

Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот истите треба во целост да бидат усогласени со одредбите од Законот за високото образование, освен во случаите кога Законот дозволува дополнително уредување на истата проблематика со Статут на Универзитетот.

Во основот за донесување на Статутот треба да се наведе само член 94 став 1 алинеја 1 од Законот за високото образование.

Одредбите од членовите 8, 9 и 10 од Статутот како и насловите пред наведените членови, треба да се усогласат со членовите 7,8 и 9 од Законот за високото образование.

Членовите 11 и 12 од Статутот треба во целост да се усогласат со членовите 12 и 13 од Законот за високото образование.

Членот 15 од Статутот е во спротивност со член 12 став 2 од Законот за високото образование.

Членот 18 треба да се усогласи со член 14 од Законот за високото образование.

Член 58 од Статутот треба да изостане со оглед дека предметната материја на овој член е регулирана со Законот за високото образование или истата да се усогласи со член 80 став 1 и 3, како и членовите 81,82, 83 и 84 од Законот за високото образование.

Членовите 88 и 89 од Статутот треба да се усогласат со член 23 од Законот за високото образование.

Во членот 99 од Статутот ставот 3 треба да се усогласи со член 93 став 7 од Законот за високото образование. По однос на став 7 од истиот член, се укажува дека согласно член 2 став 1 точка 20. од Законот за високото образование: „Придружна членка на универзитет" е установа чија основна дејност е функционално поврзана со високообразовната дејност.

Членот 100 од Статутот треба да се преработи во смисла дека, членовите на Сенатот се избираат од страна на наставно - научните совети, односно на наставничките совети.

Претставниците на студентите во Сенатот на Универзитетот се избираат од страна на Универзитетското студентско собрание". Ставот 2 од овој член е во спротивност со член 93 став 4 и став 5 од Законот за високото образование.

Член 101 од Статутот треба да изостане со оглед дека во Законот за високото образование не е предвидена можноста за замена на член на Универзитетски сенат.

Во членот 106 став 1 точка 2 зборовите „својот состав" треба да се заменат со зборовите: „редот на редовните професори", а согласно член 89 став 4 од Законот за високото образование.

Во членот 126 од Статутот, став 2 треба да се преработи односно да се допрецизира во однос на постапката за разрешување на ректорот, со оглед дека ректор се избира на слободни, непосредни и тајни избори од страна на членовите на наставно - научните, научните и наставничките совети на единиците, а Универзитетскиот сенат согласно член 94 точка 17 избира Универзитетска изборна комисија, а не одлучува за избор на ректор.

Истата забелешка се однесува и на член 129 став 3 од Статутот.

Во членот 129 став 1 зборовите: „Универзитетскиот совет" треба да се заменат со зборовите „Органот на основачот", согласно член 92 став 3 од Законот за високото образование.

Во членот 134 ставовите 3 и 4 треба да изостанат, со оглед дека истите не се предмет на уредување на Статутот на високообразовната установа.

Членот 135 од Статутот е во спротивност со член 98 став 1 точка 12 од Законот за високото образование.

Во членот 136 став 1 е во спротивност со член 98 став 1 точка 10 од Законот за високото образование. Ставот 5 од овој член треба да се усогласи со член 94 точка 18 од Законот за високото образование.

Во врска со член 146 став од Статутот, се укажува дека органот на основачот не може да има права и обврски кои се во надлежност на други органи на Универзитетот или со кои се ограничува и повредува автономијата на универзитетот. Со оглед на тоа целиот член треба да се преработи и усогласи со одредбите од Законот за високото образование.

Во членот 148 став 1 алинеја 4 е во спротивност со член 94 став 1 точка 29 од Законот за високото образование.

Членовите 185, 186 и 187 од Статутот се во спротивност со член 110 став 1 точка 3 од Законот за високото образование, согласно кој наставно - научниот совет на факултетот избира декан на факултетот и му ја доставува одлуката за избор на Сенатот за потврдување.

Член 188 треба да се усогласи со член 116 од Законот за високото образование.

Во член 192 ставовите 1 и 2 треба да се усогласат со ставовите 1 и 2 од член 120 од Законот за високото образование.

Член 200 од Статутот треба да се усогласи со член 126 од Законот за високото образование.

Член 211 и 212 треба да се усогласат со член 6 од Законот за високото образование.

Членот 216 треба во целост да се усогласи со член 134 од Законот за високото образование.

Во членот 220 став 2 е во спротивност со член 135 став 3 и член 137 став 9 од Законот за високото образование.

Членот 228 треба да се усогласи со член 140 од Законот за високото образование.

Член 236 од Статутот треба да изостане поради тоа што далечинското учење не е регулирано во рамките на Законот за високото образование.

Членот 239 треба во целост да се усогласи со член 147 од Законот за високото образование.

Во членот 241 ставот 4 треба да изостане, со оглед дека ова одредба е исклучиво законска материја.

Во членот 242 став 2 по алинеја 9 треба да се додаде нова алинеја која гласи:
„- висината на партиципацијата или школарината, доколку студентот е должен да ги плати" (член 149 став 2 алинеја 8, согласно член 149 став 2 алинеја 8).

Во членот 242 од Статутот ставот 1 треба да изостане, со оглед дека во рамките на Законот за високото образование не е предвидена можност за формирање на „вонредна студиска програма".

Членот 288 треба терминолошки да се усогласи со член 162 од Законот за високото образование.

Членот 290 треба во целост да се усогласи со член 175 од Законот за високото образование.

Членот 297 треба во целост да се усогласи со член 182 од Законот за високото образование.

Членот 309 од Статутот треба да се усогласи со член 186 од Законот за високото образование.

Членот 310 е во спротивност со член 187 од Законот за високото образование.

Членот 323 од Статутот треба да изостане, со оглед дека во Законот за високото образование нема одредби за „Ректорска конференција на приватни универзитети".

Во членот 330 став 1 алинеја 1 треба да изостане, со оглед дека во Република Северна Македонија не се опслужува задолжителен воен рок.

Членовите 357, 358, 359, 360, 361, 362, 363, 364, 365, 366 и 367 треба да се усогласат со членовите 33, 34, 35, 36, 37, 38 и 39 од Законот за високото образование.

Во членот 368 од Статутот, зборовите: „Статутарна Одлука" треба да се заменат со зборовите: „Овој статут".

Секое вградување на одредби во Статутот на високообразовната установа, спротивно на Законот за високото образование, (особено кога во Законот за високото образование не е утврдена упатувачка одредба за дополнително уредување со Статут) како и спротивно на други позитивни прописи на Република Македонија, сами по себе не предизвикуваат никакви правни дејствија и истите не можат да се земаат како основа за регулирање на какви било права и обврски.

## Точка 44

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 44 став (3) од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/2005, 13/2007, 150/2007, 140/2008, 17/2011, 53/2011, 70/2013, 115/2014, 97/2015, 192/2015 и 53/2016), поднесена од Јасмина Георгиевска од Куманово и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 44 став (3) од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/2005, 13/2007, 150/2007, 140/2008, 17/2011, 53/2011, 70/2013, 115/2014, 97/2015, 192/2015 и 53/2016), наоѓа дека наведениот член не е во согласност со член 45 од Законот за здруженија и фондации, како и со член 8 став (1) алинеја (3) од Уставот на Република Македонија.

***

Во членот 8 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија, утврдени се темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, и тоа:
- Основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот,
- Слободно изразување на националната припадност, соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа,
- Владеење на правото
- Поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска
- Политички плуралзам и слободни непосредни и демократски избори
- Правна заштита на сопственоста
- Слобода на пазарот и претприемништвото
- Хуманизмот, социјална правда и солидарност
- Локална самоуправа
- Уредување и хуманизација на просторот и заштитата и унапредување на животната средина и на природата и
- Почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Согласно на членот 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Со амандман XXI од Уставот на Република Македонија, со кој е заменет членот 15 од Уставот на Република Северна Македонија, утврдено е дека се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во прв степен во постапка пред суд, Воедно правото на жалба или друг вид на правна

заштитаа против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.

***

Со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2005, 13/2007, 150/2007, 140/2008, 17/2011, 53/2011, 70/2013, 115/2014, 97/2015, 192/2015 и 53/2016), се уредува едношалтерскиот систем, водењето на трговскиот регистар и на регистарот на други правни лица, регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност, регистар на казни за сторените кривични дела на правни лица од страна на Централниот регистар на Република Северна Македонија, во писмена и електроснка форма како и преземањето на водењето на трговскиот регистар, судскиот регистар, регистарот на водните заедници, регистарот на водостопанства, регистарот на здруженија и фондации и регистарот на комори од надлежните судови од страна на Централниот регистар.

Согласно член 16 од Законот со кој се уредуваат начелата врз кои се водат регистрите и се вршат уписите, трговскиот регистар и регистарот на други правни лица се водат како основни регистри врз основа на кои се конституираат права засновани на закон, а Централниот регистар се придржува и кон начелото на економичност и ефикасност, според кои постапката на регистрација, увидот во регистар и издавање извод од регистар се врши без одолговлекување и со што помали трошоци.

Во член 32 е уредено дека постапката за упис во регистарот се поведува со поднесување на пријава за упис во писмена форма до канцеларија на Централен регистар или со поднесување на пријава за упис во електронска форма преку едношалтерскиот систем, доколку со друг закон поинаку не е определено, а член 41 став (1) ако се исполнети условите за упис согласно законот, во рок од 4 ( четири ) часа од моментот на доставување на комплетната документација се донесува решение за упис. Во член 44 е уредено правото на жалба и надлежноста за решавање по истата. Имено, согласно став (1) од овој член, против решението за упис е дозволена жалба, а согласно став (3) од истиот член, жалбата се поднесува во рок од осум дена од денот на приемот на решението во писмена форма, односно од денот на негово објавување на веб-страницата на Централен регистар на Република Северна Македонија кога истото е доставено во електронска форма.

***

Со Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“, бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016 ) се уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странски

организации во Република Северна Македонија, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес. Согласно член 6 од законот, организациите се стекнуваат со својство на правно лице со уписот во регистарот што го води Централен регистар на Северна Македонија. Во Глава VI од законот пак, уредена е регистрацијата на здруженијата и фондациите па член 42 став (1) од законот определува дека запишувањето во Регистарот се врши со пријава за запишување која се поднесува во рок од 30 дена од денот на донесување на актот за основање, односно одлуката на странската организација за основање на организационен облик на странската организација во Република Северна Македонија. Согласно член 43 од истиот закон, Регистарот е должен во рок од пет дена од денот на поднесувањето на пријавата за запишување да донесе решение за запишување во соодветниот регистар, додека член 45 од истиот закон определува дека против решението на Регистарот со кое е одбиено барањето за упис, организацијата има право на жалба до Комисијата за жалби утврдена со Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, во рок од 15 дена од приемот на решението.

***

Со Закон за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 ) се уредува постапката за остварување на заштита на правата и правните интереси на физичките лица, правните лица и другите странки, како и заштита на јавниот интерес по која се должни да постапуваат министерствата, органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на Град Скопје и општините во градот Скопје, кога во вршењето на своите законски надлежности, постапуваат, решаваат и преземаат други управни дејства во управни работи. Едно од основните начела на кои се темели законот, а е опфатено со членот 7, е начело на економичност и ефикасност на постапката според кое постапката треба да се спроведе на наједноставен начин, без одлагање и со што помалку трошоци за странките, а сепак да се обезбеди целосно почитување на правата и правните интереси на странките и потполно утврдување на фактичката состојба. Согласно член 9 од истиот закон, со кој е уредено начело на сервисна ориентација на јавните органи, кога јавните органи решаваат во управни работи, сервисно се ориентирани кон оствраување на правата и интересите на граѓаните. Со член 106 од истиот закон опфатен е рокот за изјавување на жалба па во став (1) од овој член, странката може да изјави жалба против управниот акт во рок од 15 дена од денот на доставувањето, односно известувањето за управниот акт, освен ако со посебен закон не е определен подолг рок.

***

Врз основа на наведеното се утврдува дека јавните органи и давателите на услуги пред кои се водат управните постапки, односно кои преземаат управни дејствија се должни да постапуваат во согласност со Закон за општата управна постапка, што воедно значи и почитување на правилата кои се однесуваат на запазувањето на роковите и постапувањето по жалби. Овој

закон кој е lex generalis во член 2 ставот (2) определува дека со посебни закони одделни работи може да се уредат поинаку од овој закон, доколку не се во спротивност со основните начела и целта на законот и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките загарантирани со Законот за општата управна постапка. Споменатото доведено во корелација со Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица и предвидените рокови во овој закон за преземање на дејствија, меѓу кои и изјавувањето на жалба во постапките кои се водат пред Централниот регистар на Република Северна Македонија кои се пократки од законски утврдениот максимум од 15 дена но во интерес на странките и во насока на брзо и ефикасно остварување и заштита на нивните права и правни интереси.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

**<u>Точка 45</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Дарко Миовски од Гостивар, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.23/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 216 став 2 и став 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016, 120/2016, 165/2017 и 83/18), и по истата утврди мислење, врз основа на мислењето што ќе го подготви Министерството за финансии, во соработка со Секретаријатот за законодавство и ќе го достави до Владата

**<u>Точка 46</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.21/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 12 став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/2011, 79/2013, 164/2013, 29/2014, 98/2015 и 192/2015) и член 6 став 3 од Законот за судските такси („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/2009, 148/2011, 106/2013 и 166/2014), поднесена од Ѓорѓи Ципушев од Радовиш и притоа го утврди следново мислење:

Во врска со Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.21/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 12 став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/2011, 79/2013, 164/2013, 29/2014, 98/2015 и 192/2015) и член 6 став 3 од Законот за судските такси („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/2009, 148/2011, 106/2013 и

166/2014), поднесена од Ѓорѓи Ципушев од Радовиш, Владата на Република Северна Македонија го известува Уставниот суд на Република Северна Македонија дека веќе постапувал по иницијатива со иста содржина, поднесена од Владимир Стефановски, адвокат од Скопје и на 4 март 2015 година донел решение У.бр.83/2014 со кое одлучил да не се поведе постапка за оценување на уставноста на член 12 став 2 од Законот за стечај во делот„како и за жалбата за која не е платена судска такса" и за член 6 став 3 од Законот за судски такси.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.21/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 12 став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/2011, 79/2013, 164/2013, 29/2014, 98/2015 и 192/2015) и член 6 став 3 од Законот за судските такси („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/2009, 148/2011, 106/2013 и 166/2014), поднесена од Ѓорѓи Ципушев од Радовиш.

<u>**Точка 47**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Ѓорѓи Ципушев од Радовиш, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.20/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 246 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016, 163/2017 и 51/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се предлага поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од член 246 став 2 на Законот за социјалната заштита, како одредби со кои се повредуваат одредбите од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 235 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016, 163/2017 и 51/2018), постапката на инспекцискиот надзор, инспекторот ја покренува и води по службена должност, според одредбите на овој закон, Законот за инспекцискиот надзор и Законот за општата управна постапка.

Согласно член 246 став 1 од Законот, министерот за труд и социјална политика врз основа на извештајот за извршениот инспекциски надзор ќе донесе решение за забрана за работа на установа за социјална заштита и друго правно и физичко лице кое врши одредени работи од социјална заштита, ако не добиле одобрение за основање на установа од членот 90 на овој закон, односно решение за исполнетост на условите за почеток со работа од членот 92 на овој закон и решение за издавање на дозвола за вршење на одредени работи од социјална заштита

од членот 169 став 3 на овој закон, како и доколку повеќе не ги исполнува условите во поглед на просторот, опремата и стручните кадри пропишани со овој закон и преземање на други мерки за кои е овластен со овој или друг закон.

Против решението од ставот 1 алинеја 1 на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од осум дена од денот на приемот на решението (став 2).

Согласно член 2 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/2015), овој закон се применува за сите управни дејствија на јавните органи и на давателите на услуги.

Со посебните закони одделни работи може да се уредат поинаку од овој закон, доколку не се во спротивност со основните начела и целта на овој закон и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките гарантирана со овој закон (став 2).

Согласно член 14 став (1) од Законот, странката има право на правна заштита против секое управно дејствие или реален акт согласно со законот.

Против првостепените управни акти, странката има право на жалба во случаи утврдени со закон (став 2).

Согласно член 106 став (1) од истиот закон, странката може да изјави жалба против управниот акт во рок од 15 дена од денот на доставувањето, односно известувањето за управниот акт, освен ако со посебен закон не е определен подолг рок.

Странката може да се откаже од жалбата до донесувањето на управниот акт од второстепениот орган (став 2).

Ако странката се откаже од жалбата, јавниот орган донесува управен акт со кој ја запира постапката и за тоа ја известува странката, која не може да го отповика откажувањето од жалбата (став 3).

Имено, Законот за социјалната заштита со одредбите од деветтата глава го уредува инспекцискиот надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа на социјалната заштита над установите за социјална заштита, другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјалната заштита како професионална дејност.

Ова законско решение е усогласено со Законот за инспекциски надзор, согласно кој против решението на инспекторот може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението ако со закон не е предвиден пократок рок (член 43 став 1).

Во предметната иницијатива е наведено дека со посебните закони како во конкретниот случај Законот за социјалната заштита, одделни работи може да се уредат поинаку од Законот за општата управна постапка, доколку не се во спротивност со основните начела и целта и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките.

Во овој конкретен случај, согласно наводите во Иницијативата е утврдено дека Законот за социјалната заштита не е во согласност со Законот за општата управна постапка и истите се во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓу другото е утврдена и владеењето на правото.

Имајќи ја предвид содржината на цитираните уставни и законски одредби, односно прашањата што истите ги уредуваат произлегува дека подносителот на предметната иницијатива не би требало да ги толкува оспорените законски одредби парцијално, односно одредбите од Законот за социјалната заштита би требало да се толкуваат и применуваат комплементарно како функционална нормативна правна целина.

Согласно наведеното, се смета дека оспорените законски одредби се јасни, прецизни и недвосмислени, односно со истите не се нарушува темелната вредност на начелото на владеењето на правото на Уставот на Република Северна Македонија.

Со Законот за општата управна постапка се уредуваат прашањата за заемниот однос на општата управна постапка спрема посебите управни постапки. Имено, одредбите од овој закон имаат дополнителен, односно супсидиерен карактер, што значи за сите процедурални прашања кои не се содржани во прописите кои уредуваат управни постапки од соодветната област, во тој случај ќе се применуваат правилата на Законот за општата управна постапка. Со оглед дека посебните управни постапки во материјалните закони се со малку процесни решенија, голем дел од правилата содржани во Законот за општата управна постапка имаат дополнителна примена. Во случаите кога постојат правила во посебна управна постапка во посебна област, тогаш нивната примена е примарна, во однос на правилата на Законот за општата управна постапка.

Имено, со оглед дека општата управна постапка не ги исцрпува сите правила од постапките, па во одделни области поради нивната специфичност (посебност) се утврдени посебни процесни правила кои се поинаку регулирани одошто е тоа случај во Законот за општата управна постапка, во такви случаи, кога природата на административната материја бара одделни прашања од постапката да бидат поинаку регулирани, се вршат отстапувања од правилата на општата управна постапка и се применуваат постапките утврдени во материјалните закони.

Оттука, посебните управни постапки во одредена мера се разликуваат од постапките во одделени области, така што комплементарната примена на материјалните закони и Законот за

општата управна постапка, преставуваат посебен заокружен процесен систем на правила, бидејќи со правилата кои се регулирани во неколку членови во материјалните прописи се уредуваат посебностите што ги разликуваат од општата управна постапка, што значи посебната постапка ја исклучува примената на општата постапка, а општата ги дополнува правилата на посебната постапка, бидејќи ако нема посебна постапка, само во тој случај задолжително и во целост се применуваат одредбите на општата управна постапка од Законот за општата управна постапка.

Воедно, согласно член 110 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија: одлучува за согласноста на законите со Уставот; одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите; ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност; решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт; решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа; одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката; одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните и одлучува и за други прашања утврдени со Уставот.

Согласно претходно наведеното, се укажува дека по однос на доставената Иницијатива, Уставниот суд согласно надлежностите утврдени во Уставот на Република Северна Македонија, не е надлежен да ја цени усогласеноста на одредби од два закона.

Имајќи го предвид претходно наведеното, оспорените одредби од Законот за социјалната заштита се во согласност со член 8 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од член 246 став 2 на Законот за социјалната заштита.

## Точка 48

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.4/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2014), поднесена од Коле Илијев од Виница и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата смета дека членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/2013) е противуставен и спротивен на Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи,

бидејќи врши дискриминација на правата од работен однос на одредени граѓани, чии права се пропишани со специјален закон (lex specialis).

Притоа, смета дека се прави повреда на член 8 став 1 алинеи 2 и 3, член 9 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Дополнително, подносителот смета дека наведениот член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи е во спротивност и со Протоколот бр. 12 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи.

Во Иницијативата е наведено дека во Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2014), како lex specialis, и Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010) кој е, исто така, посебен закон, една од причините за престанок на работниот однос по сила на закон е навршувањето на 64 години возраст на работникот.

Согласно наводите на подносителот на Иницијативата, оспорената одредба е дискриминаторска во однос на одреден број на граѓани на кои правата од работен однос им се пропишани и ограничени со специјален закон.

Според член 8 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати со меѓународното право и утврдени во Уставот.

Согласно алинејата 3 од истиот член, темелна вредност на уставниот поредок е и владеењето на правото.

Согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Северна Македонија, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Оспорениот член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи се однесува на членот 104 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010,

124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015 и 27/2016).

Така, во членот 104, дефинирано е дека работодавачот го прекинува договорот за вработување на работникот кога работникот ќе наполни 64 години возраст и минимум 15 години пензиски стаж.

Дополнително, во ставот (2) од истиот член е уредено дека работникот со писмена изјава до работодавачот може да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст, доколку со закон поинаку не е утврдено.

Во ставот (3) се утврдува дека писмената изјава од ставот (2) на овој член, работникот ја дава најдоцна до 31 август во годината којашто и претходи на годината во која ги исполнува условите од ставот (1) на овој член.

За секое натамошно продолжување на договорот за вработување од ставот (2) на овој член, изјавата ја дава еднаш годишно, а најдоцна до 31 август во годината којашто и претходи на годината за која се бара продолжување на договорот за вработување.

Според ставот 4 од истата одредба, работодавачот е должен по дадената изјава од ставот 2 на овој член да го продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст.

Ставовите (2) и (4) од овој член ја добиваат оваа содржина со укинувањето на делот од наведените одредби со Одлуката на Уставниот суд на Северна Македонија, У бр.114/2014 од 29 јуни 2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 134/16).

Имено, со претходното законско решение постоеше разлика во возрасната граница помеѓу мажот и жената до која можеше да се продолжи договорот за вработување, и за маж тоа беше возраст од најмногу 67 години, а за жена најмногу 65 години возраст и со укинувањето на разликата, мажот и жената се изедначуваат во остварувањето на ова право.

Ставот (3) пак, својата денешна содржина ја добива со измените и дополнувањата на Законот, објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр. 120/2018.

Од страна на подносителот на Иницијативата како дискриминаторска се наведува можноста за продолжување на договорот за вработување, наведена во наведениот член од Законот за работните односи.

Притоа, треба да се има предвид дека односот на Законот за работните односи и Законот за судска служба и Законот за судовите се во однос на lex generalis наспрема lex specialis.

Правото во Република Северна Македонија се базира на традицијата на римското право при што lex generalis е општата правна регулатива, која во основа ги уредува односите и примената на правата во правниот поредок на една држава.

Lex specialis се однесува на посебни правни прописи кои на попрецизен и детален начин ги регулираат истите односи.

Меѓутоа, посебниот закон (lex specialis) мора да се усогласи со lex generalis, бидејќи општата регулатива ги поставува ограничувањата на слободата за уредување на специфични прописи.

Во случај на конфликт на посебната и општата регулатива, посебниот пропис го дерогира општиот, бидејќи нејзиниот опсег на примена е тесно утврден.

Во смисла на наведеното, доколку посебните закони не ја уредуваат постапката за престанок или продолжување на работниот однос, во тој случај ќе се применува општиот пропис, во случајов Законот за работните односи.

Доколку истото го уредуваат, за субјектите на коишто се однесува посебниот закон, се применува тој закон, односно lex specialis.

Од оваа причина, Законот за работните односи не може да ја има улогата на дискриминаторски закон, туку напротив, дискриминацијата е направена со посебните закони, коишто ја уредиле материјата која се однесува на престанок, односно продолжување на работниот однос, но не се усогласиле со општиот пропис, односно со Законот за работните односи.

Од оваа причина Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба не може да предизвика дискриминаторски однос во однос на посебните закони и не прави повреда на член 8 став 1 алинеи 2 и 3, член 9 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија ниту е во спротивност со Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи.

Од оваа причина, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли како неоснована Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/2013), а оттука ниту на членот 104 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015,72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018).

## Точка 49

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Љубица Панова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.22/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 96, став (3), точка 2) од Законот за комплементарна и алтернативна медицина („Службен весник на Република Македонија" бр.25/2015) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата смета дека членот 96, став (3), точка 2) од Законот за комплементарна и алтернативна медицина („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2015) е спротивен на член 32 и член 54 од Уставот на Република Северна Македонија, член 6 и член 7 од Законот за работните односи („Службен на Република Македонија 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018), член 23 од Универзалната декларација за правата на човекот и член 1 од Протоколот 12 од Европската конвенција за заштита на човековите слободи и права, поради што подносителот смета дека треба да се поништи како неуставна и незаконита наведената одредба.

Имено, предмет на уредување на Законот за комплементарна и алтернативна медицина е системот, организацијата и примената на методите и постапките на комплементарната и алтернативна медицина, лицата кои применуваат методи и постапки на комплементарна и алтернативна медицина, установи за комплементарна и алтернативна медицина, Центарот за традиционална кинеска медицина, квалитетот на методите и постапките на комплементарната и алтернативната медицина, Комората за комлементарна и алтернативна медицина, лиценцата за работа, стручниот надзор над работата на практичарите на комплементарна и алтернативна медицина и други работи кои се однесуваат на комплементарна и алтернативна медицина.

Членот 2 од Законот за комплементарна и алтернативна медицина дефинира дека комплементарната и алтернативната медицина (во натамошниот текст: КАМ) опфаќа различни методи и постапки за дијагностика, лекување и рехабилитација кои согласно важечката медицинска докторина не се опфатени во здравствените услуги согласно медицината заснована на докази и кои не ги третираат само симптомите што ги предизвикуваат болестите, туку имаат за цел да ја третираат целата личност на човекот и причините за настанување на болестите, се фокусираат на енергијата на неговото тело и нејзиното влијание врз човековото здравје и болеста, исцелителната моќ на природата и моќта на телото да ги мобилизира сопствените ресурси за да се излечи.

Со Законот е предвидено услов за вршење на КАМ е лицето да поседува лиценца за работа, согласно член 96, во кој е предвидено дека основен условите од член 15, меѓу другото, е лицето да не е осудувано за кривично дело со казна затвор во траење подолго од шест месеци.

Подносителот смета дека наведениот услов е спротивен на членовите 6 и 7 од Законот за работните односи, со кој се забранува секаков вид на дискриминација (директна и индиректна дискриминација). Со членот 6 од Законот за работните односи е предвидено дека работодавачот не смее лицето кое бара работа или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.

Членот 7, од Законот ги уредува директната и индиректната дискриминација, со тоа што утврдува дека:

(1) Забраната на директна или индиректна дискриминација во случаите од членот 6 на овој Закон се однесува на дискриминација на кандидатот за вработување и на работникот.

(2) Директна дискриминација, во смисла на ставот (1) од овој член е секое постапување условувано со некои од основите од членот 6 на овој Закон со кое лицето било ставено, се става или би можело да биде ставено во понеповолна положба од други лица во споредбени случаи.

(3) Индиректна дискриминација, во смисла на овој закон, постои кога определена навидум неутрална одредба, критериум или пракса, го става или би го ставила во понеповолна положба во однос на другите лица, кандидатот за вработување или работникот поради определено својство, статус, определување или уверување од членот 6 на овој Закон.

(4) Дискриминација, во смисла на членот 6 од овој Закон, кај работодавачот е забранета во однос на:

1) условите за вработување, вклучувајќи ги и критериумите и условите за избор на кандидати за вршење на определена работа, во која било гранка, односно оддел, согласно со Националната класификација на дејности на сите нивоа на професионална хиерархија;

2) напредувањето во работата;

3) пристапот до сите видови и степени на стручно оспособување, преквалификација и доквалификација;

4) условите за работење и работа и сите права од работен однос и во врска со работниот однос, вклучувајќи и еднаквост на плати;

5) откажувањето на договорот за работа и

6) правата на членовите и дејствувањето во здруженијата на работниците и работодавачите или во која било друга професионална организација, вклучувајќи ги и повластиците кои произлегуваат од тоа членство.

(5) Одредбите на колективните договори и договорите за вработување со кои се утврдува дискриминација на некој од основите од членот 6 на овој закон се ништавни.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека членовите 6 и 7 од Законот за работните односи се однесуваат на забрана на дискриминација од страна на работодавачот спрема барател на работа или работник, додека оспоруваниот став (3), точка 2) од членот 96 од Законот за комплементарна и алтернативна медицина се однесува на услов за стекнување на право, односно добивање на лиценца за работа за вршење на комплементарна и алтернативна медицина. Во насока на ова е и член 8, став (1) од Законот за работните односи со кој се утврдуваат исклучоци од забрана на дискриминација, односно не се смета за дискриминација правење на разлика, исклучување или давање предимство во однос на определена работа, кога природата на работата е таква или работата се врши во такви услови што карактеристиките поврзани со некои од случаите од член 6 од Законот претставуваат вистински и одлучувачки услов за вршење на работата, под услов целта што со тоа се сака да се постигне, да е оправдана и условот да е одмерен.

Следствено, во таа смисла е и член 14, став (1), точка 2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/2010, 44/2014, 150/2015 и 31/2016), според кој нема да се смета за дискриминација различниот третман на лицата врз основа на карактеристики кои се однесуваат на која било од дискриминациските основи, кога споменатите карактеристики, поради природата на занимањето или активноста или поради условите во кои се одвива тоа занимање, претставуваат суштинско и определувачко барање, целта е легитимна, а условот не го пречекорува потребното ниво за негова реализација.

Од овие причини, се смета дека оспорената одредба не претставува дискриминаторска основа и не е во спротивност со член 32 и член 54, став (1) од Уставот на Република Северна Македонија и член 6 и член 7 од Законот за работните односи.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија, смета дека Уставниот суд на Република Северна Македонија, треба да ја отфрли Иницијативата поднесена од Љубица Панова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.22/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 96, став (3), точка 2) од Законот за комплементарна и алтернативна медицина („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2015).

## Точка 50

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за утврдување на должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши во трупни услови, донесена од Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/2009), поднесена од Борко Симоски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија, лицето Борко Симоски од Скопје, поднесе Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за утврдување на должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус во воени установи во кои службата се врши под трупни услови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/2009), донесена врз основа на член 94 став 1, точка 3, подточка б) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/1994, 14/1995, 71/1996, 32/1997, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008, 161/2008, 81/2009, 156/2009, 83/2010, 156/2010, 24/2011, 51/2011 и 11/1202), кој престана да важи.

Согласно наводите во Иницијативата, истата ја поднесува поради повреда на член 243 и член 248 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/1993, 3/1994, 14/1995, 71/1996, 32/1997, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008, 161/2008, 81/2009, 156/2009, 83/2010, 156/2010, 24/2011, 51/2011 и 11/2012), како и поради примената на членот 76 став 1 точка 3 под б) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 16/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016,120/2016, 132/2016 и 35/2018), кој е правна основа за донесување на предметната Одлука, како акт донесен врз основа на закон кој престанал да важи.

Според член 248 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 16/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016, 132/2016 и 35/2018), со денот на влегувањето во сила, на истиот, престануваат да важат Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“бр. 80/1993, 3/1994, 14/1995, 71/1996, 32/1997, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008, 161/2008, 81/2009, 156/2009, 83/2010, 156/2010, 24/2011, 51/2011 и 11/2012) и Законот за матична евиденција на осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2004, 55/2007, 102/2008 и

51/2011), а според член 243 од цитираниот закон, подзаконските акти чие донесување е предвидено со овој закон, ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на истиот.

Во контекст на ова наведува дека Министерството за одбрана во рокот од 30 дена, задолжително требало да постапи според одредбите од законот и да достави до Владата нова предлог-одлука, во смисла на член 76 став 1 точка 3 од истиот.

По однос на наводите во поднесената Иницијатива, Одлуката за утврдување на должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши под трупни услови („Службен весник на Република Македонија", бр. 32/09) е донесена согласно член 94 став 1 точка 3, подточка б) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/1993, 3/1994,14/1995, 71/1996, 32/1997, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008, 161/2008, 81/2009, 156/2009, 83/2010, 156/2010, 24/2011, 51/2011 и 11/2012) и со истата се утврдени должностите за чие вршење секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности, се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

Со донесување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016, 132/2016 и 35/2018), престана да важи Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994, 14/1995, 71/1996, 32/1997, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008, 161/2008, 81/2009, 156/2009, 83/2010, 156/2010, 24/2011, 51/2011 и 11/2012), а со тоа и правната основа за донесување и примената на предметната Одлука, како акт донесен врз основа на закон кој престанал да важи.

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016,120/2016, 132/2016 и 35/2018), во член 76 став 1 точка 3 подточка б), се утврдува дека на осигуреници со задолжително пензиско и инвалидско осигурување-воен и цивилен персонал, стажот на осигурување им се смета со зголемено траење, и тоа: секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување во: вршење должност во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши под трупни услови, а кои ги утврдува Владата, по предлог на министерот за одбрана.

Поради измени во актот на формација на Армијата со кои беа укинати корпусите и воените установи во Армијата и од кои причини членот 76 став 1 точка 3 подточка б), повеќе не може да биде законска основа за донесување на Одлуката, од Министерството за одбрана до Министерството за труд и социјална политика досега беа доставувани инцијативи со укажување на потребата од донесување на Закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со цел изменување на законската основа за донесување на одлуката, по што од страна на Министерството за одбрана до Владата, согласно изменетата законска основа би се доставила на донесување, нова предлог-одлука со која ќе престане да важи Одлуката за утврдување на должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус во воени установи во кои службата се врши под трупни услови („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2009).

Во овој контекст ве известуваме дека во Министерството за одбрана во тек е изработка на Предлог-закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со кој во членот 76 став 1 точка 3, подточката б) се менува со нова подточка б), во која точно ќе се дефинираат должностите на осигурениците од одбраната на кои стажот на осигурување ќе им се смета со зголемено траење.

Воедно ве известуваме дека во Министерството за одбрана согласно стратешките документи на Министерството, во тек е измена на актот за формација на Армијата и донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, што повлекува и прецизирање на напред наведениот предлог за осигуреници од одбраната на кои стажот на осигурување ќе им се смета со зголемено траење, назначени за вршење и на други должности, во штабови, команди, агенции на НАТО, како и во други меѓународни организации, меѓународни воени единици, лоцирани надвор и на територијата на Република Северна Македонија.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на оваа одлука, бидејќи Министерството за одбрана пристапило кон измена на актот за формација на Армијата и кон изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

## Точка 51

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.14/2019 за оценување на уставноста на член 17 во делот: „а ќе започне да се применува од 1 јуни 2014 година“ од Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/2013, 42/2014, 177/2014, 72/2015, 6/2016 и 106/2016), поднесена од Магдалена Петковска од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Во Иницијативата е наведено дека член 17 во делот „а ќе започне да се применува од 1 јуни 2014 година“ од Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/2013, 42/2014, 177/2014, 72/2015, 6/2016 и 106/2016) е противуставен, односно истиот е спротивен со член 52 од Уставот на Република Северна Македонија.

Со Законот за спортот се уредуваат условите и начинот на вршењето на дејноста спорт заради остварување на јавниот интерес во спортот во надлежност на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и Град Скопје, стопанисувањето со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и Град Скопје, како и други прашања од значење за спортот.

Со измените и дополнувањата на Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/2013) објектите за спорт од локално значење во сопственост на Република Северна Македонија, се пренесуваат во сопственост на општините, општините во градот Скопје и Град Скопје согласно одредбите од овој закон. Владата на Република Северна Македонија донесува одлука за пренесување на правото на сопственост на објектите за спорт класифицирани од локално знаечење на општините, општините во градот Скопје и Град Скопје, согласно Уредбата од членот 63 став 2 од овој закон.

Во поглед на влегувањето во сила на законот, почетокот е определен на начин што се остава одредено време до негово влегување во сила, односно негово важење. Притоа, сите одредби од законот не мора да влезат во сила истовремено, за одредени делови и одредби од законот може да се одреди различно влегување во сила, зависно од содржината на законот и другите претпоставки кои треба да бидат исполнети за негово спроведување.

Имено, со одложувањето на примената на оспорените членови од Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, законодавецот во ниеден момент не ја загрозил уставната гаранција на владеењето на правото. Согласно член 68 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието носи закони и дава автентично толкување.

Врз основа на горенаведеното, се смета дека оспорената законска одредба е во согласност со член 52 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.14/2019 за оценување на уставноста на член 17 во делот: „а ќе започне да се применува од 1 јуни 2014 година“ од Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/2013, 42/2014, 177/2014, 72/2015, 6/2016 и 106/2016), поднесена од Магдалена Петковска од Скопје.

**Точка 52**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Зорица Черкезова од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.12/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 43 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр.50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015, 11/2018, 83/2018 и 120/2018), за наредната седница на Владата откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за информатичко општество и администрација да достави мислење по материјалот.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Иницијативата од Влатко Илиевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.35/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 11 став 1 точка ѓ и член 11 став 2 точка ѓ, од Законот за спречување на корупција („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019) и притоа го утврди следново мислење:

Горенаведената иницијатива подносителот ја поднесува за оценување на уставноста на член 11 став 1 точка ѓ и член 11 став 2 точка ѓ од Законот за спречување на корупција и судир на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), според кои за претседател, односно за член на Државната комисија може да биде именувано лице кое го исполнува меѓу другите и условот во последните десет години да не било пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, член на Владата на Република Северна Македонија, да не било донатор на политичка партија или да не вршело функција во органи на политичка партија.

Подносителот на Иницијативата за оценување на уставноста на горенаведената одредби се повикува на член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија со кој владеењето на правото е утврдено како темелна вредности на уставниот поредок. Понатаму, истакнувајќи ја еднаквоста на граѓаните во слободите и права, како и правото на секој граѓанин да учествува во вршењето на јавни функции, подносителот на Иницијативата ги цитира член 9 и член 23 од Уставот.

Согласно член 8 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓу другото, е утврдено и владеењето на правото.

Согласно член 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, во Република Северна Македонија, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Согласно член 5 од Законот за пратениците, пратеникот нема право да врши други јавни функции или професии, кои согласно со закон се неспојливи со функцијата пратеник.

Согласно член 12 од Законот за Владата на Република Македонија, членовите на Владата имаат право и должност да учествуваат во работата на Владата, да даваат иницијатива за подготвување на закони и други прописи за чие предлагање е надлежна Владата, на прописи и други акти што ги донесува Владата и за утврдување на насоки и ставови, да даваат иницијатива за донесување на одлуки од надлежност на Владата, како и да учествуваат во вршењето на други надлежности на Владата во согласност со заклучоците на Владата и Деловникот.

Согласно член 7 од Законот за финансирање на политичките партии, политичките партии се финансираат од јавни и приватни извори на финансирање. Согласно член 2 став (1) од истиот Закон, политичката партија е доброволна организација на граѓани, формирана за остварување и заштита на политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања и заради учество во процесот на донесување на политички одлуки при учество во власта.

Согласно член 13 од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, функцијата претседател односно член на Државната комисија за спречување на корупцијата е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

Од анализа на наведените уставни и законски одредби, произлегува дека член 11 став 1 точка ѓ и член 11 став 2 точка ѓ од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се во согласност со Уставот и законите од причина што се работи за спречување и мешање на политиката во донесувањето на клучни одлуки наменети за сите граѓани, донесени по сопствено убедување или по убедување на политичката партија во која членуваат определен број на лица, како и спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, во оспорените одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, јасно е потенцирано дека станува збор за именување на лице на функција која е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија. Со утврдување на условот од одредбите кои подносителот на Иницијативата ги оспорува, законодавецот се стремел и се насочил токму на заштитата на граѓаните и јавниот интерес, бидејќи независноста од политичките партии дава посебен придонес во вршењето на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата и во остварувањето на владеењето на правото. Оттука,

следува дека едно исто лице не може, а и не смее да извршува две функции, од една страна затоа што се неспојливи, а од друга страна за да се спречи одлучување според убедување и за сопствени интереси во преден план и на штета на останатите граѓани.

Освен тоа, гарантираното со Уставот право на учество во вршењето на јавните функции не претставува гаранција за секој да биде вршител на јавна функција, што директно би било во спротивност со утврдените со Уставот темелни вредности на уставниот поредок, а со тоа и во спротивност со јавниот интерес.

Условите за избор и именување на претседателот и членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата се утврдени со член 11 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси имајќи ја предвид специфичната надлежност на институцијата која е формирана за примена на мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката и мерките и активностите за спречување на судир на интереси. Според тоа, со оспорените одредби не се повредува начелото на владеење на правото и истата е во функција на доследно спроведување на Уставот.

Согласно горенаведеното, оспорениот член 11 став 1 точка ѓ и член 11 став 2 точка ѓ од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија", бр.12/2019) е во согласност со член 8 алинеја 3 и член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 11 став 1 точка ѓ и член 11 став 2 точка ѓ од Законот за спречување на корупција („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019).

**<u>Точка 54</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2019) во целина и одделно на: називот на Законот „Закон за употреба на јазиците", член 1 ставови 2 и 3, член 2 ставови 1, 2 и 3, член 3 до член 14, член 16 став 1, член 17, член 22, член 23 став 5 и член 24 од Законот, поднесена од Ивана Митевска од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Во Иницијативата се наведува дека оспорениот закон е објавен на незаконит начин без потпис на Претседателот на државата и воедно дека неговото прогласување е спротивно на членовите: 8, 52, 54 и амандманите V и VIII од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно Амандманот X став 2 од Уставот на Република Северна Македонија за закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат

на заедниците кои не се мнозинсво во Република Македонија. Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците.

Според членот 75 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија „Указот за прогласување на законите го потпишува Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието."

Според ставот 3 на истиот член Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот. Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, Претседателот на Републиката е должен да го потпише указот.

Според членот 79 став 3, Претседателот на Републиката своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Според членот 87, Претседателот на Републиката е одговорен за кршење на Уставот и законите во вршењето на своите права и должности.

Согласно наведеното се укажува дека Собранието на Република Северна Македонија ја запазило целосно процедурата за донесување на оспорениот закон и во повторна постапка го усвоило со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Фактот што Претседателот на државата, бил должен да го потпише указот, но истиот повторно одбил да ја изврши својата уставна должност може да биде предмет на друга постапка. Уставот на Републиката не дозволува право на Претседателот на државата за суспензивно дејство над примената на законите донесени во легална правна процедура.

Повикувањето на подносителот на Иницијативата на одлуки на Уставниот суд од 1998 година не е соодветно од причина што тогашниот претседател на Собранието на Република Македонија го потпишал указот за прогласување на законот во својство на претседател на држава, што не е случај во оваа ситуација каде се прецизира пречекорувањето на уставната надлежност на претседателот на државата кој со своето незаконско вето ја суспензира волјата на парламентарното мнозинство .

Согласно горенаведеното, неоснован е наводот во Иницијативата дека оспорениот закон е донесен во незаконита постапка спротивно на одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и дека е прекршено владеењето на правото од кои причини Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на истиот.

## Точка 55

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.30/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2019), поднесена од Васко Лазески и други граѓани од Кичево и притоа го утврди следново мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија е доставена Иницијатива за оценување на уставноста на Законот за јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2019), поднесена од Васко Лазески и други граѓани од Кичево, во која се наведува дека неговото прогласување е спротивно на член 8 став 1 алинеја 3 и член 75 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија од причина што откако Претседателот на државата одбил да го потпише указот за прогласување на оспорениот закон, Собранието во третото читање бил должен повторно да го разгледа законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, Претседателот на Републиката е должен да го потпише указот. Во Иницијативата се наведува дека Собранието во наведениот случај не отворило расправа по текстот на законот, туку истиот бил ставен на гласање и изгласан со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието со што бил повреден членот 75 ставот 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно амандманот X став 2 од Уставот на Република Северна Македонија „за закони кои директно го засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинсво во Република Северна Македонија“. Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците.

Според членот 75 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија „Указот за прогласување на законите го потпишува Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието“.

Според ставот 3 на истиот член „Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот“. Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, Претседателот на Републиката е дожен да го потпише указот.

Според членот 79 став 3 Претседателот на Републиката своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот на Република Северна Македонија и законите.

Според членот 87 Претседателот на Републиката е одговорен за кршење на Уставот на Република Северна Македонија и законите во вршењето на своите права и должности.

Согласно наведеното, се укажува дека Собранието ја запазило целосно процедурата за донесување на оспорениот закон и во повторна постапка го усвоило со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Фактот што Претседателот на државата иако согласно Уставот на Републиката бил должен да го потпише, но истиот повторно одбил да ја изврши својата уставна должност може да биде предмет на друга постапка. Уставот на Републиката не дозволува право на Претседателот на државата за суспензивно дејство над примената на законите донесени во легална правна процедура.

Прашањето дали оспорениот закон требало да биде ставен на повторно разгледување пред гласањето е деловничко прашање кое не може да биде предмет на оценување на уставноста на истиот, односно начинот на расправање по поднесените амандмани е уредено со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Воедно согласно членот 75 ставот 2 од Уставот на Република Северна Македонија указот за прогласување на законите го потпишуваат Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието кој во конкретниот случај ја извршил својата уставна надлежност за прогласување на законот.

Согласно горенаведеното, неоснован е наводот во Иницијативата дека оспорениот закон е донесен во незаконита постапка спротивно на одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.30/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2019), поднесена од Васко Лазески и други граѓани од Кичево.

## Точка 56

Владата ја разгледа Иницијативата од Ивица Ефремов од Велес и Стив Ангеловски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.15/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/19) и притоа го утврди следново мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија е поднесена Иницијатива за оценување на уставноста на Законот за јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019) од Ивица Ефремов од Велес и Стив Ангеловски од Битола во која се наведува дека неговото прогласување е спротивно на член 52 и член 75 од Уставот на Република Северна Македонија од причина што оспорениот Закон е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ без потпис на Претседателот на Републиката, односно истиот бил донесен во неуставна процедура.

Согласно амандманот X став 2 од Уставот на Република Северна Македонија „за закони кои директно го засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија. Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците. Според член 75 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија „Указот за прогласување на законите го потпишува Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.

Според став 3 на истиот член „Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише Указот за прогласување на Законот. Собранието повторно го разгледува Законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, Претседателот на Републиката е должен да го потпише Указот.

Според членот 79 став 3, Претседателот на Републиката своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Според член 87, Претседателот на Републиката е одговорен за кршење на Уставот и законите во вршењето на своите права и должности.

Согласно наведеното се укажува дека Собранието ја запазило целосно процедурата за донесување на оспорениот Закон и во повторна постапка го усвоило со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Фактот што Претседателот на државата, иако согласно Уставот на Републиката, а како што и е наведено во Иницијативата, бил должен да го потпише, но истиот повторно одбил да ја изврши својата уставна должност може да биде предмет на друга постапка.

Уставот на Републиката не дозволува право на Претседателот на државата за суспензивно дејство над примената на законите донесени во легална правна процедура.

Воедно согласно член 75 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија Указот за прогласување на законите го потпишуваат Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието, кој во конкретниот случај ја извршил својата уставна надлежност за прогласување на Законот.

Согласно наведеното, неоснован е наводот во Иницијативата дека оспорениот Закон е донесен во незаконита постапка спротивно на одредбите од Уставот на Република Северна Македонија поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на истиот.

## Точка 57

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.29/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019), поднесена од Јове Кекеновски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Во Иницијативата се наведува дека оспорениот закон е донесен со помало мнозинство на гласови од потребното, односно дека согласно амандманот XVIII на Уставот на Република Северна Македонија за истиот било потребно двотретинско мнозинство на гласови и воедно дека неговото прогласување е спротивно на членовите 52 и 75 од Уставот на Република Северна Македонија од причина што оспорениот закон е објавен во Службен весник на Република Македонија без потпис на Претседателот на Републиката, односно истиот бил донесен во неуставна процедура.

Согласно амандманот X став 2 од Уставот на Република Северна Македонија за закони кои директно го засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинсво во Република Северна Македонија.

Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците.

Владата на Република Северна Македонија укажува дека амандманот XVIII на кој се повикува подносителот на Уставната иницијатива се однесува на мнозинство потребно за промена на одредби од Уставот на Република Северна Македонија и со истиот не се уредува потребното мнозинство за донесување на законите од наведената област.

Токму цитираниот амандман X став 2 го пропишува потребното мнозинство за донесување на Закон кој се однесува на употреба на јазиците и за истиот е пропишано мнозинство гласови од присутните.

Согласно наведеното Владата на Република Северна Македонија укажува дека наводот во Уставната иницијатива по оваа основа е целосно невистинита.

Според членот 75 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија Указот за прогласување на законите го потпишува Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.

Според ставот 3 на истиот член Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на Законот.

Собранието на Република Северна Македонија повторно го разгледува Законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, Претседателот на Републиката е должен да го потпише указот.

Според членот 79 став 3, Претседателот на Републиката своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Според членот 87, Претседателот на Републиката е одговорен за кршење на Уставот и законите во вршењето на своите права и должности.

Согласно наведеното Владата на Република Северна Македонија укажува дека Собранието ја запазило целосно процедурата за донесување на оспорениот закон и во повторна постапка го усвоило со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Фактот што Претседателот на државата иако согласно Уставот на Републиката, а како што и подносителот на иницијативата наведува, бил должен да го потпише, но истиот повторно одбил да ја изврши својата уставна должност може да биде предмет на друга постапка.

Уставот на Републиката не дозволува право на Претседателот на државата за суспензивно дејство над примената на законите донесени во легална правна процедура.

Воедно согласно членот 75 ставот 2 од Уставот на Република Северна Македонија указот за прогласување на законите го потпишуваат Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието кој во конкретниот случај ја извршил својата уставна надлежност за прогласување на законот.

Согласно наведеното, неоснован е наводот во иницијативата дека оспорениот закон е донесен во незаконита постапка спротивно на одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на истиот.

## <u>Точка 58</u>

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.25/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Указот за прогласување на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2019) и Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2019), поднесена од Здружението „Светски македонски конгрес" од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија е доставена Иницијатива за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2019), поднесена од „Светскиот македонски конгрес", во која се наведува дека неговото прогласување е спротивно на член 8 став 1 алинеја 3, член 52 став 2, член 75 став 2, член 82 и член 87 од Уставот на Република Северна Македонија од причина што откако Претседателот на државата одбил да го потпише указот за прогласување на оспорениот закон, Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинсто гласови од вкупниот број пратеници, Претседателот на Републиката е должен да го потпише указот. Претседателот е должен да го потпише Указот, доколку според Уставот на Република Северна Македонија, законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Во Иницијативата се наведува дека Указот за прогласување на Законот за употреба на јазиците не бил потпишан од страна на Претседателот на Републиката со што бил повреден членот 75 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според член 75 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија „Указот за прогласување на законите го потпишува Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието".

Според ставот 3 на истиот член „Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот. Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, Претседателот на Републиката е дожен да го потпише указот".

Според член 79 став 3, Претседателот на Републиката своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот на Република Северна Македонија и законите.

Според член 87, Претседателот на Републиката е одговорен за кршење на Уставот на Република Северна Македонија и законите во вршењето на своите права и должности.

Согласно наведеното се укажува дека Собранието ја запазило целосно постапката за донесување на оспорениот закон и во повторна постапка го усвоило со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Фактот што Претседателот на државата, бил должен да го потпише указот, но истиот повторно одбил да ја изврши својата уставна должност може да биде предмет на друга постапка. Уставот на Република Северна Македонија не дозволува право на Претседателот на државата за суспензивно дејство над примената на законите донесени во легална правна постапка.

Согласно горенаведеното, неоснован е наводот во Иницијативата дека оспорениот закон е донесен во незаконита постапка, спротивно на одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и дека е прекршено владеењето на правото, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под

У.бр.25/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Указот за прогласување на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019) и Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019), поднесена од Здружението „Светски македонски конгрес“ од Скопје.

<u>**Точка 59**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Указот за прогласување на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019) и Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019), поднесена од адвокат Томе Тодоровски од Свети Николе, и притоа го утврди следново мислење:

Согласно амандманот X став 2 од Уставот на Република Северна Македонија за закони кои директно го засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија. Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците.

Се укажува дека амандманот XVIII на Уставот на Република Северна Македонија на кој се повикува подносителот на Уставната иницијатива се однесува на мнозинство потребно за промена на одредби од Уставот на Република Северна Македонија и со истиот не се уредува потребното мнозинство за донесување на законите од наведената област. Токму цитираниот амандман X став 2 го пропишува потребното мнозинство за донесување на закон кој се однесува на употреба на јазиците и за истиот е пропишано мнозинство гласови од присутните. Согласно наведеното се укажува дека наводот во Уставната иницијатива по оваа основа е целосно невистинит.

Според членот 75 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија Указот за прогласување на законите го потпишува Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.

Според ставот 3 на истиот член Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот. Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, Претседателот на Републиката е должен да го потпише указот.

Според членот 79 став 3, Претседателот на Републиката своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Според членот 87, Претседателот на Републиката е одговорен за кршење на Уставот и законите во вршењето на своите права и должности.

Согласно наведеното се укажува дека Собранието на Република Северна Македонија ја запазило целосно процедурата за донесување на оспорениот закон и во повторна постапка го усвоило со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Фактот што Претседателот на државата, бил должен да го потпише указот, но истиот повторно одбил да ја изврши својата уставна должност може да биде предмет на друга постапка. Уставот на Републиката не дозволува право на Претседателот на државата за суспензивно дејство над примената на законите донесени во легална правна процедура.

Повикувањето на подносителот на иницијативата на одлуки на Уставниот суд од 1998 година не е соодветно од причина што тогашниот претседател на Собранието на Република Македонија го потпишал указот за прогласување на законот во својство на претседател на држава, што не е случај во оваа ситуација каде се прецизира пречекорувањето на уставната надлежност на Претседателот на државата кој со своето незаконско вето ја суспензира волјата на парламентарното мнозинство .

Воедно согласно членот 75 ставот 2 од Уставот на Република Северна Македонија указот за прогласување на законите го потпишуваат Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието кој во конкретниот случај ја извршил својата уставна надлежност за прогласување на законот и овозможил владеење на правото.

Согласно горенаведеното, неоснован е наводот во иницијативата дека оспорениот закон е донесен во незаконита постапка спротивно на одредбите од Уставот на Република Северна Македонија од кои причини Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на истиот.

## <u>Точка 60</u>

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.32/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2019) и Указот за прогласување на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019), поднесена од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија е доставена Иницијатива за поведување на постапка за оценување на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019) и Указот за прогласување на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019), поднесена од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ од Скопје, со која се оспорува уставноста на Законот за употреба на јазиците и се оспорува Указот за прогласување на Законот за употреба на јазиците.

Подносителот во Иницијативата наведува дека оспорениот закон е донесен со помало мнозинство на гласови од потребното, односно дека согласно амандманот XVIII на Уставот на Република Северна Македонија за истиот било потребно двотретинско мнозинство на гласови, како и дека неговото прогласување е спротивно на членовите 52 и 75 од Уставот на Република Северна Македонија од причина што оспорениот закон е објавен во Службен весник на Република Македонија без потпис на Претседателот на Републиката, односно истиот бил донесен во неуставна процедура, спротивно на член 51, член 82 ставови 1, 2, 3 и 4, член 98 и член 119 од Уставот на Република Северна Македонија, како и дека не е во согласност со амандман V, ставови 1 и 2 на Уставот на Република Северна Македонија.

Според член 75 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија „Указот за прогласување на законите го потпишува Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието". Според ставот 3 на истиот член „Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот. Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, Претседателот на Републиката е должен да го потпише указот".

Според членот 79 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија „Претседателот на Републиката своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот на Република Северна Македонија и законите".

Според членот 87 од Уставот на Република Северна Македонија „Претседателот на Републиката е одговорен за кршење на Уставот на Република Северна Македонија и законите во вршењето на своите права и должности".

Согласно членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија „Законите мораат да бидат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, а сите други прописи со Уставот на Република Северна Македонија и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот на Република Северна Македонија и законите".

Согласно наведеното, се укажува дека Собранието ја запазило целосно процедурата за донесување на оспорениот закон и во повторна постапка го усвоило со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници. Фактот што Претседателот на државата бил должен да го потпише указот, но истиот повторно одбил да ја изврши својата уставна должност може да биде предмет на друга постапка. Уставот на Република Северна Македонија не дозволува право на Претседателот на државата за суспензивно дејство над примената на законите донесени во легална правна постапка.

Имајќи го предвид горенаведеното, неоснован е наводот во Иницијативата дека оспорениот закон е донесен во незаконита постапка, спротивно на одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и дека е прекршено владеењето на правото поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна

Македонија да не ја прифати Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.32/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2019) и Указот за прогласување на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019), поднесена од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ од Скопје.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Иницијативата поведување на постапка за оценување на уставноста на Указот за прогласување на Законот за употреба на јазиците бр.08-263/1 од 14 март 2018 година („Службен весник на Република Македонија бр.7/2019 и Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019) поднесена од Солза Грчева и други од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија Иницијативата за оценување на уставноста на Законот за јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019) поднесе Солза Грчева и други од Скопје во која се наведува дека оспорениот закон е објавен на незаконит начин без потпис на Претседателот на државата и воедно дека неговото прогласување е спротивно на членовите 8 став 1 алинеи 3, 51, 52 став 2 и член 75 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија од причина што оспорениот закон е објавен во „Службен весник на Македонија“ без потпис на Претседателот на Републиката, односно истиот бил донесен во неуставна процедура.

Согласно Амандманот X став 2 од Уставот на Република Северна Македонија „за закони кои директно го засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија. Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците.

Според членот 75 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија „Указот за прогласување на законите го потпишува Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.
Според ставот 3 на истиот член „Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот. Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, Претседателот на Републиката е должен да го потпише указот.

Според членот 79 став 3, Претседателот на Републиката своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Според членот 87, Претседателот на Републиката е одговорен за кршење на Уставот и законите во вршењето на своите права и должности.

Согласно наведеното, се укажува дека Собранието ја запазило целосно процедурата за донесување на оспорениот закон и во повторна постапка го усвоило со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Фактот што Претседателот на државата бил должен да го потпише указот, но истиот повторно одбил да ја изврши својата уставна должност може да биде предмет на друга постапка. Уставот на Републиката не дозволува право на Претседателот на државата за суспензивно дејство над примената на законите донесени во легална правна процедура.

Воедно согласно членот 75 ставот 2 од Уставот на Република Северна Македонија указот за прогласување на законите го потпишуваат Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието кој во конкретниот случај ја извршил својата уставна надлежност за прогласување на законот и овозможил владеење на правото.

Согласно наведеното, неоснован е наводот во иницијативата дека оспорениот закон е донесен во незаконита постапка спротивно на одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на Указот за прогласување на Законот за употреба на јазиците и Законот за употреба на јазиците во целина.

## Точка 62

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Клементина Брзановска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.36/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2019) во целина и одделно на: називот на Законот „Закон за употреба на јазиците“, член 1 ставови 2 и 3, член 2 ставови 1, 2 и 3, член 3 до член 14, член 16 став 1, член 17, член 22, член 23 став 5 и член 24 од Законот, за наредната седница на Владата, откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да достави мислење по материјалот.

## Точка 63

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Владимир Стефановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.37/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019) во целина и одделно на член 2 став 2, член 9 ставови 1, 2 и 5, член 10, член 22 и член 23 став 5 од Законот, за наредната седница на Владата откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да достави мислење по материјалот.

**Точка 64**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Светскиот македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.13/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за прогласување на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2019), за наредната седница на Владата, откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да достави заедничко мислење со Министерството за надворешни работи по материјалот.

**Точка 65**

Владата ја одложи од разгледување Иницијативата од Петар Робески и други граѓани од Кичево, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.31/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за прогласување на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2019) за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за правда, во соработка со Министерството за надворешни работи до Владата да достави заедничко мислење по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 66**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Солза Грчева и други граѓани од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија, под У.бр.38/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за прогласување на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2019), за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда, во соработка Министерството за надворешни работи да подготви и до Владата да достави заедничко мислење по Иницијативата.

**Точка 67**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Светскиот македонски конгес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.8/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу

страните, за наредната седница на Владата откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да достави обединето мислење со Министерството за надворешни работи.

## Точка 68

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Ивица Ефремов од Велес и Стив Ангеловски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.16/2019 за поведување постапка за оценување на уставноста на Указот за прогласување на Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резулуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обидинетите нации за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните бр.08-3866/1 од 5.7.2018 година и Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резулуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот на безбедност на Обидинетите нации за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните („Службен весник на Република Македонија" бр.7/19), за наредната седница на Владата откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да достави обединето мислење со Министерството за надворешни работи.

## Точка 69

Владата ја одложи од разгледување Иницијативата од Светскиот македонски конгрес доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.26/19 за поведување постапка за оценување на уставноста на Указот за прогласување на Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните бр.08-3866/1 од 5.7.2018 година и Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот на безбедност на Обединетите нации за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2019) за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за правда, во соработка со Министерството за надворешни работи до Владата да достави заедничко мислење по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 70

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018), поднесена од Светскиот македонски конгрес од Скопје, и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се оспорува членот 2 од Законот за амнестија. Имено, подносителот во Иницијативата наведува дека членот 2 е спротивен со одредбите од Уставот бидејќи врши селекција кој за кое дело од настаните во Собранието на Република Македонија од 27 април 2017 година може да се ослободи од кривично гонење, а кој не, кому се запираат поведените кривични постапки, а кому не, и кој целосно се ослободува од издржување на казната затвор, а кој не.

Исто така, подносителот смета дека овој член е во спротивност со повеќе членови од Уставот при што се врши селекција во помилувањето со што ги доведува лицата за кои постои основано сомневање дека сториле кривично дело поврзано со настаните во Собранието на Република Северна Македонија од 27 април 2017 година во нееднаква положба кон правата кои треба да се остварат со членот 1 од Законот за амнестија.

Понатаму, подносителот на Иницијативата истакнува дека Собранието не може да ја делегира амнестијата на судот, ниту амнестијата може да зависи од мислењето на обвинителството. Судот нема надлежност да амнестира како што тоа е утврдено во членот 2 од Законот за амнестија. Амнестијата не зависи од волјата, односно мислењето на јавното обвинителство.

Подносителот на Иницијативата истакнува дека „амнестијата се спроведува по службеност, за делата или настанот утврдени во Законот за амнестија, со Законот за амнестија нема службеност во спроведувањето на Законот, за настанот за кој се донесува Законот за амнестија, туку по барање на засегнатите странки-лицата против кои се водат постапки на кривично гонење, или се на издржување на казна затвор поради основано сомневање дека сториле кривично дело поврзано со настаните во Собранието на Република Македонија од 27 април 2017 година.“.

Со тоа, како што наведува подносителот на Иницијативата, оспорениот член на законот бил спротивен со членот 8 во делот на владеење на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право, како и во спротивност со членот 9, членот 51, членот 68 став 1 алинејата 17, членот 98 и членот 106 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во членот 2 од Законот за амнестија е пропишано дека:

(1) Постапката за примена на овој закон за лицата против кои е во тек кривична постапка се поведува по барање на осомниченото, обвинетото и осуденото лице.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува во рок од 5 (пет) дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, до првостепениот суд пред кој се води постапката, кој го носи решението во рок од 5 (пет) дена по приемот на барањето доколку се исполнети условите од овој закон, а по претходно прибавено мислење од надлежен јавен обвинител.

(3) Постапката за примена на овој закон за лицата кои се правосилно осудени, а кои не отпочнале со издржување на казната затвор, по службена должност ја поведува надлежниот првостепен суд што ја донел пресудата, по барање на надлежниот јавен обвинител, по барање на осуденото лице или лице кое во корист на обвинетиот може да изјави жалба.

(4) Постапката за примена на овој закон за лицата кои се правосилно осудени и се на издржување на казната затвор, по службена должност ја поведува казнено - поправната установа во која осуденото лице ја издржува казната затвор.

(5) Решението за амнестија според одредбите од овој закон го донесува судот што ја донел првостепената одлука, во рок од пет (5) дена од денот на приемот на барањето."

Согласно членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија „владеењето на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право, меѓу другите, се дефинирани како темелни вредности на уставниот поредок.".

Во членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија е пропишано дека „Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.".

Согласно членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија „Законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.".

Согласно член 68 став 1 алинеја 17 „Собранието на Република Северна Македонија:

- Врши политичка контрола и надзор над Владата и над другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието.".

Во амандман XXV од Уставот на Република Северна Македонија е пропишано дека „Судската власт ја вршат судовите. Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Забранети се вонредни судови. Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.".

Согласно член 106 и амандман XXX од Уставот на Република Северна Македонија „Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон.“.

Во однос на оспорениот член, се истакнува дека не е во спротивност со Уставот во однос на наводите дека „Собранието не може да ја делегира амнестијата на судот, ниту амнестијата може да зависи од мислењето на обвинителството.“.

Имено, овие изнесени наводи во Иницијативата се неосновани од причина што амнестијата ја дава Собранието на Република Македонија и тоа го сторило со донесувањето на законот во кој се утврдени условите за давање на амнестија. Со членот 2 од Законот, судот само утврдува постоење на пропишаните услови за давање амнестија во Законот за амнестија и за тоа во законски пропишана постапка донесува решение. Во тој контекст е и мислењето на јавното обвинителство. Имено, мислењето што го дава јавното обвинителство е согласно членот 30 став (1), алинејата 9 од Законот за јавното обвинителство, каде што е пропишано дека, меѓу другите надлежности, јавното обвинителство е надлежно „да врши и други дејствија определени со закон“.

Исто така, се истакнува дека се неосновани и наводите изнесени во Иницијативата кои се однесуваат на нееднаквоста на граѓаните. Имено, законот не врши селекција на лицата на кои им се дава амнестија, туку напротив, јасно ги дефинира условите за давање амнестија и тоа е поделено на три нивоа: ослободување од кривично гонење, запирање на кривичните постапки и ослободување од извршување на казна условна осуда и ослободување од издржување на казната затвор. Притоа, во ставовите (1) и (2) од членот 1 се дефинирани условите за лицата поврзани со настаните од Собранието на Република Северна Македонија од 27 април 2017 година, а во ставовите (3) и (4) од наведениот член преку негативна енумерација се дадени исклучоци на кои лица поврзани со овие настани не се однесува амнестијата.

Горенаведеното е во согласност со Уставот, затоа што амнестијата претставува законска материја и право на законодавецот е да ги определува кривичните дела и условите за давање амнестија. Ова е во контекст на тоа дека изрекувањето и извршувањето на казнено-правните санкции не е апсолутно право, туку под одредени услови државата може да се откаже или да ги редуцира санкциите пропишани во законите. Откажувањето од правото на казнување или ублажувањето на строгоста на правосилните казнени осуди е акт на милост на државата, оправдан со некои изменети општествени околности или посебни интереси на државата.

Сепак, поради сензитивноста на амнестијата, ова право на државата секогаш се поставува рестриктивно и институтот амнестија е кренат на уставно рамниште со дадено овластување на парламентите. Овој принцип од казнено-правната теорија е почитуван и во Република Северна Македонија. Имено, во член 68, став 1, во алинејата 17 од Уставот на Република Северна Македонија е пропишано дека Собранието е надлежно да дава амнестија.

Оспорената одредба од Законот е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и од причина што законот со кој се дава амнестијата секогаш треба да се однесува на определена категорија на казнени дела, на определена категорија сторители или осудени лица или на определени казни. Токму ова стојалиште прифатено од казнено-правната теорија е имплементирано и во Законот за амнестија донесен од Собранието на Република Македонија во 2018 година.

Дополнително, согласноста на одредбите од Законот со уставните одредби се огледа и во фактот дека Законот е рестриктивен и не содржи кривични дела кои согласно меѓународното право не можат да бидат предмет на амнестија (на пример, кривични дела од меѓународното хуманитарно право, тортурата и сл.).

Се истакнува дека се неосновани и наводите во Иницијативата во однос на поведувањето на постапката по барање на осомниченото, обвинетото или осуденото лице. Имено, оваа одредба е во согласност со членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија во делот на владеењето на правото и со членот 9 во однос на еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите. Со оваа одредба не се лимитира правото на граѓаните и не се нарушува нивната еднаквост. Напротив, се остава тие да одлучат дали да поднесат барање за примена на одредбите од Законот за амнестија.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека со оспорениот член 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018), не се повредени одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста од членот 2 од Законот за амнестија.

## <u>Точка 71</u>

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.1/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018), поднесена од адвокат Сузана Јошевска - Анастасовска од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се оспорува членот 2 од Законот за амнестија. Подносителот во Иницијативата наведува дека членот 2 е спорен најмногу во делот на институтот амнестија. Исто така, подносителот смета дека „овој член е во спротивност со повеќе членови од Уставот на Република Северна Македонија, односно за лица чии кривични постапки се во тек, амнестијата важи само доколку истата биде побарана и се поднесе барање од истите во законски определен рок, а истиот не важи за правосилно осудените лица и за лицата кои се на издржување на казна затвор, со што според подносителот на Иницијативата истите се ставени во нерамноправна положба“. Како што наведува подносителот на Иницијативата, оспорениот член 2 од Законот за

амнестија е спротивен и со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија во делот на владеењето на правото кое е определено како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија. Исто така, во Иницијативата се наведува и дека оспорениот член 2 од Законот за амнестија е нејасен, непрецизен и отвара можности за различни толкувања во неговата примена, дерогира одредби од Законот за кривичната постапка и од Кривичниот законик и истиот е спротивен на целта на институтот амнестија и следствено на тоа се нарушува концептот на владеење на правото како темелна вредност на уставниот поредок. Според подносителот на Иницијативата, ставањето на обвинетото лице во ситуација да мора да преземе дополнително дејствие за да биде опфатено со амнестија е спротивно на концептот на амнестија која според истиот како акт на милост, се дава независно од волјата на тој кој го опфаќа. Според подносителот, членот 2 од Законот за амнестија е спротивен и на член 68, став 1, алинеја 18 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно кој е уредена уставната надлежност на Собранието на Република Северна Македонија и изречно определува дека Собранието на Република Северна Македонија дава амнестија.
Во членот 2 од Законот за амнестија е пропишано дека:

(1) Постапката за примена на овој закон за лицата против кои е во тек кривична постапка се поведува по барање на осомниченото, обвинетото и осуденото лице.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува во рок од 5 (пет) дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, до првостепениот суд пред кој се води постапката, кој го носи решението во рок од 5 (пет) дена по приемот на барањето доколку се исполнети условите од овој закон, а по претходно прибавено мислење од надлежен јавен обвинител.

(3) Постапката за примена на овој закон за лицата кои се правосилно осудени, а кои не отпочнале со издржување на казната затвор, по службена должност ја поведува надлежниот првостепен суд што ја донел пресудата, по барање на надлежниот јавен обвинител, по барање на осуденото лице или лице кое во корист на обвинетиот може да изјави жалба.

(4) Постапката за примена на овој закон за лицата кои се правосилно осудени и се на издржување на казната затвор, по службена должност ја поведува казнено - поправната установа во која осуденото лице ја издржува казната затвор.

(5) Решението за амнестија според одредбите од овој закон го донесува судот што ја донел првостепената одлука, во рок од пет (5) дена од денот на приемот на барањето."

Согласно членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија, „владеењето на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право, меѓу другите, се дефинирани како темелни вредности на уставниот поредок".

Во членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија е пропишано дека „Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата,

бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот на Република Северна Македонија и законите се еднакви“.

Согласно членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија „Законите мораат да бидат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, а сите други прописи со Уставот на Република Северна Македонија и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот на Република Северна Македонија и законите“.

Согласно член 68, став 1, алинеја 17 „Собранието на Република Северна Македонија:
- Врши политичка контрола и надзор над Владата и над другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието“.

Во амандман XXV од Уставот на Република Северна Македонија е пропишано дека „Судската власт ја вршат судовите. Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот на Република Северна Македонија и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија. Забранети се вонредни судови. Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници“.

Согласно член 106 и амандман XXX од Уставот на Република Северна Македонија „Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон“.

Во однос на оспорениот член, истакнуваме дека не е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија. Имено, изнесените наводи во Иницијативата се неосновани од причина што амнестијата ја дава Собранието на Република Северна Македонија и тоа го сторило со донесувањето на законот во кој се утврдени условите за давање на амнестија. Со членот 2 од Законот, судот само утврдува постоење на пропишаните услови за давање амнестија во Законот за амнестија и за тоа во законски пропишана постапка донесува решение. Во тој контекст е и мислењето на Јавното обвинителство. Имено, мислењето што го дава Јавното обвинителство е согласно член 30, став (1), алинеја 9 од Законот за Јавното обвинителство, каде што е пропишано дека, меѓу другите надлежности, Јавното обвинителство е надлежно „да врши и други дејствија определени со закон“.

Исто така, се истакнува дека се неосновани и наводите изнесени во Иницијативата кои се однесуваат на нееднаквоста на граѓаните. Имено, законот не врши селекција на лицата на кои им се дава амнестија, туку напротив, јасно ги дефинира условите за давање амнестија и тоа е поделено на три нивоа: ослободување од кривично гонење, запирање на кривичните постапки и ослободување од извршување на казна условна осуда и ослободување од издржување на казната затвор. Притоа, во ставовите (1) и (2) од членот 1 се дефинирани условите за лицата

поврзани со настаните од Собранието на Република Северна Македонија од 27 април 2017 година, а во ставовите (3) и (4) од наведениот член преку негативна енумерација се дадени исклучоци на кои лица поврзани со овие настани не се однесува амнестијата. Горенаведеното е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, затоа што амнестијата претставува законска материја и право на законодавецот е да ги определува кривичните дела и условите за давање амнестија. Ова е во контекст на тоа дека изрекувањето и извршувањето на казнено-правните санкции не е апсолутно право, туку под одредени услови државата може да се откаже или да ги редуцира санкциите пропишани во законите. Откажувањето од правото на казнување или ублажувањето на строгоста на правосилните казнени осуди е акт на милост на државата, оправдан со некои изменети општествени околности или посебни интереси на државата.

Сепак, поради сензитивноста на амнестијата, ова право на државата секогаш се поставува рестриктивно и институтот амнестија е кренат на уставно рамниште со дадено овластување на парламентите. Овој принцип од казнено-правната теорија е почитуван и во Република Северна Македонија. Имено, во член 68, став 1, алинеја 17 од Уставот на Република Северна Македонија е пропишано дека Собранието е надлежно да дава амнестија.

Оспорената одредба од Законот е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и од причина што законот со кој се дава амнестијата секогаш треба да се однесува на определена категорија на казнени дела, на определена категорија сторители или осудени лица, или на определени казни.

Токму ова стојалиште прифатено од казнено-правната теорија е имплементирано и во Законот за амнестија донесен од Собранието на Република Северна Македонија во 2018 година. Дополнително, согласноста на одредбите од законот со уставните одредби се огледа и во фактот дека законот е рестриктивен и не содржи кривични дела кои согласно меѓународното право не можат да бидат предмет на амнестија (на пример, кривични дела од меѓународното хуманитарно право, тортурата и сл.).

Се истакнува дека се неосновани и наводите во Иницијативата во однос на поведувањето на постапката по барање на осомниченото, обвинетото или осуденото лице. Имено, оваа одредба е во согласност со членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија во делот на владеењето на правото и со членот 9 во однос на еднаквоста на граѓаните пред Уставот на Република Северна Македонија и законите. Со оваа одредба не се лимитира правото на граѓаните и не се нарушува нивната еднаквост. Напротив, се остава тие да одлучат дали да поднесат барање за примена на одредбите од законот за амнестија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека со оспорениот член 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ број 233/2018) не се повредени одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.1/2019

за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија" бр.233/2018), поднесена од адвокат Сузана Јошевска - Анастасовска од Скопје.

**Точка 72**

Владата го одложи разгледувањето на Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.59/2018 од 30 јануари 2019 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 244 ставови 3 и 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18), за наредната седница на Владата откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за внатрешни работи да достави мислење по материјалот.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Даниел Живачки од Куманово, за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр. 79820 за КО Куманово на КП бр. 15968 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје, за право на првенство на купување на идеален дел од недвижен имот на КП 3392, ул. „Л.Геров", со вкупна површина од 524 м2 Имотен лист 3700 КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје, за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр. 36989 за КО Ѓорче Петров 3 -Дексион на КП бр. 10152 викано место/улица Одбрабен насип и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Тана Топалоска од Охрид, за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр. 80244 за КО Охрид 4 на КП бр. 3165 место викано Дебело Поле и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр. 95142 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП бр. 3948 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје, за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр. 94660 за КО Ѓорче Петров 2 - Мирче Ацев на КП бр. 3488 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен Лист бр. 103005 за КО Ѓорче Петров 4 - Влае на КП бр. 7211, КП бр. 7192/3, КП бр. 7211/1, КП бр. 7211/4 и КП бр. 7211/5 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр. 1860 за КО Ѓорче Петров 4 - Влае на КП бр. 7212/1 и КП бр. 7212/3 викано место В. Дину и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Адамческа од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 5028 за КО Илинден вон градежен на КП бр. 189/1 викано место Карагач, Имотен лист бр 5029 за КО Илинден вон градежен на КП бр. 1352/1 викано место Крувче, Имотен лист бр. 5013 за КО Илинден вон градежен реон на КП бр. 171 викано место Птицовидна станица, Имотен лист бр. 10355 за КО Илинден вон градежен реон на КП бр. 189/2 викано место Карагач и Имотен лист бр. 10356 за КО Илинден вон градежен реон на КП бр. 1352/2 викано место Крувче и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Мислењето на Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 82

Владата го разгледа Известувањето од извршител Јадранка Јовановска под И. бр.445/17 за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) и Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), на недвижност запишана во Имотен лист бр.695 за КО Гиновци и Имотен лист бр.670 за КО Гиновци и по Известувањето го усвои негативното мислење на АД за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 83

Владата го избра Илбер Села за директор на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, со мандат од четири години.

## Точка 84

1. Владата го разгледа Известувањето за потпишувањето на Меморандумот за разбирање за имплементација на Националната програма за достоинствена работа 2019-2022, како материјал за информирање.

2. Владата заклучи Барањето од Министерството за транспорт и врски за измена на заклучоци по Информацијата со Преддоговор за пренесување право на градење и уредување на меѓусебните права и обврски за градба на Друштво за земјоделство, сточарство, производство, промет и услуги Прагматика ДООЕЛ Гостивар, донесени на 117-та седница на Владата, одржана на 29 јануари 2019 година (точка 57), да се разгледа на наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за транспорт и врски да се усогласи со Министерството за финансии.

3. Владата го разгледа и го прифати Барањето на Министерството за финансии за дополнување на Заклучокот по точка 1 (Информацијата за потребата од обезбедување на финансиски средства за реализација на проектот „Изградба на железничка пруга од Крива Паланка до граница со Република Бугарија") од 116-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22.1.2019 година, односно веќе усвоените заклучоци ги дополни со нов Заклучок број три кој гласи:

„Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии, по обезбедување на средствата за затворање на финансиската конструкција за проектот и по одобрување на тендерската документација од страна на Делегацијата на Европската Унија да започне со тендерската постапка за избор на изведувач, со суспензивна клаузула, по претходно доставено образложение од страна на Министерството за транспорт и врски за употреба на суспензивна клаузула".

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за период од 18.2.2019 година до 24.2.2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

5. Владата заклучи во Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 22 мали хидроелектрични централи бр. 44-1071/1 од 102-та седница на Владата, одржана на 13.11.2018 година, во членот 2, наместо Димче Лазаревски, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија - член и Драган Маневски, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија - заменик-член, да бидат Христина Келеман, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија - член и Вера Димитриева, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија - заменик-член.

Решението да се смета за донесено на оваа седница на Владата.

6. Владата се информираше по Извештајот од Постојаната мисија на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел во врска со одржан состанок за воведувањето на дефинитивните заштитни мерки на Европската Унија за производи од челик.

7. Владата се информираше со Информацијата за Брегзит и влијанието на македонската економија, со предлог-мерки и листи на увозници и извозници.

По овој повод, се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа, за наредната седница на Владата, да подготви и да достави апроксимативна процена на влијанието врз сите тарифи, компании кои ќе имаат влијание од Брегзит кој би се случил, за да може Владата да биде подготвена за преземање соодветни мерки и активности во врска со ова прашања.

## Точка 85

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Цивилно-воениот комитет за воздухопловство за 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 86

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Македонски железници-Транспорт АД - Скопје за периодот 1.7. - 30.9.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Агро-Берза“ - Скопје за периодот октомври - декември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ во државна сопственост - Скопје за периодот VII-IX 2018 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата согласно Мислењето на Министерството за транспорт и врски му препорачува на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ во државна сопственост - Скопје да направи анализа со Акциски план со цел согледување на причината за опаѓачкиот тренд на приходите и негово надминување и истата во рок од 30 дена да ја достави до Владата.

**Точка 89**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, кокурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и Министерството за информатичко општество и администрација да ја разгледаат можноста за соединување на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Република Северна Македонија и Фондот за иновации и технолошки развој во едно компактно владино тело, со цел поефикасно работење со поголеми ефекти.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за реализирани активности во 2018 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2017 -2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 91

Владата го разгледа Извештајот со финансиски показатели за реализирани буџетски средства предвидени со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2018 година во Република Македонија, како материјал за информирање.

## Точка 92

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Главните индикатори за успешност на работењето (KPI) за 2018 година за аеродромите во Скопје и Охрид, како материјал за информирање.

## Точка 93

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изградба на пруга Бељаковце-Крива Паланка, за период од 1.6.2018 година до 31.12.2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 94

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Роми и интеграција на Ромите 2020, за периодот август - декември 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 95

Владата го разгледа Акцискиот план за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија согласно Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година во Министерството за култура, како материјал за информирање.

## Точка 96

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Роми во Република Македонија 2014 - 2020 година , односно националните акциски планови, за периодот октомври - декември 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 97

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Во текстот на Предлог-законот, односно во член 1, новата точка 17-б) да се преформулира во насока да се однесува на услуги кои ги дава наставниот и научниот кадар на високообразовните и научните установи во Република Северна Македонија или лица вработени во тие институции.

2. Во текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност Министерството за финансии да ја разгледа можноста за вметнување на одредба за намалување на данокот на додадена вредност за ветеринарни услуги и лекови на околу 5%, наместо сегашните 18%.

3. Во текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност Министерството за финансии, во соработка со претседателот на Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија да ја разгледа можноста за вметнување на одредба со која данокот на додадена вредност за користење на топлинска енергија (парно греење) би се намалил на 5%.

4. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмироска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 98

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потпишување на билатерална Спогодба меѓу Република Северна Македонија и Република Грција за отворање на еден граничен премин во регионот на Преспанското Езеро, со усогласен текст на Спогодба на македонски и на англиски јазик и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Република Грција за отворање на еден граничен премин во регионот на Преспанското Езеро.

2. Се овластува Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи и претседател на Комисијата на Република Северна Македонија за отворање на нови гранични премини со соседните држави, да го потпише усогласениот текст на Спогодбата меѓу Република

Северна Македонија и Република Грција за отворање на еден граничен премин во регионот на Преспанското Езеро.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од потпишување Договор меѓу Министерството за култура на Република Северна Македонија и Министерството за култура на Република Бугарија за организирање на заедничка изложба во Скопје во текот на 2019 година, со текст на Предлог-договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Предлог-договорот меѓу Министерството за култура на Република Северна Македонија и Министерството за култура на Република Бугарија за организирање заедничка изложба во Скопје во текот на 2019 година.

2. Го задолжи Асаф Адеми, министер за култура, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот меѓу Министерството за култура на Република Северна Македонија и Министерството за култура на Република Бугарија за организирање на заедничка изложба во Скопје во текот на 2019 година.

**Точка 100**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за усогласување на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција која се однесува на средните училишта со франкофонски двојазични паралелки, со усогласен текст на Спогодба и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција која се однесува на средните училишта со франкофонски двојазични паралелки.

2. Се овластува министерот за образование и наука, д-р Арбер Адеми, да ја потпише Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција која се однесува на средните училишта со франкофонски двојазични паралелки.

**Точка 101**

Владата ја симна од дневен ред Информацијата за склучување на спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција која се однесува на средните училишта со франкофонски двојазични паралелки, со усогласен текст на Спогодба, со оглед дека се надминува со точка 100 од оваа седница.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на проектна апликација за Студија за изводливост и останата документација за изградба и развој на Национална транспортна оптичка мрежа во рамки на повикот за техничка помош во рамки на ИПА „Инвестициска рамка за Западен Балкан“ (Western Balkans Investment Framework - WBIF) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ја подготви и да ја достави на мислење до Министерството за финансии, апликацијата за техничка помош за проектот-Студија за изводливост за изградба и развој на Национална транспортна оптичка мрежа најдоцна до 26 февруари 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација по добивање на позитивно мислење од Министерството за финансии, да ја достави предметната апликација до НИПАК/Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 27 февруари 2019 година.

3. Се задолжува националниот ИПА координатор на Република Северна Македонија да ја поднесе апликацијата најдоцна до 1 март 2019 година во рамки на 21. повик за техничка помош на ИПА „Инвестициска рамка за Западен Балкан“ (Western Balkans Investment Framework - WBIF).

**Точка 103**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за реализација на програмските активности на здруженија, организации и поединци од дијаспората, финансирани од страна на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 104**

Владата повторно го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за Агенција за национална безбедност, го утврди и заклучи, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

## Точка 105

Владата повторно го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за координација на безбедносно - разузнавачката заедница во Република Северна Македонија, утврден на 122-рата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19.2.2019 година, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 106

Владата повторно го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за следење на комуникациите, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

## Точка 107

Владата повторно го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за странци, го утврди и заклучи, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

## Точка 108

Владата повторно го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи,

а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**<u>Точка 109</u>**

Владата повторно го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, утврден на 122-рата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19.2.2019 година, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

*

*　　　*

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 01:00 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| **Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |